УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

Институт за историја на уметноста и археологија

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# ЗАПАДНАТА НЕКРОПОЛА НА СТОБИ – типови на гробови од римскиот период

(ископување од 1995 година)

Кандидат:

Марина Димитровска

Ментор:

Проф. Д-р Марјан Јованов

Скопје, 2020

Содржина

**ВОВЕД** .......... 2
***1. ИСТОРИЈАТ И РАЗВОЈ НА ГРАДОТ*** .......... 3
***2. ИСТОРИЈА НА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСКОПУВАЊА НА ЗАПАДНАТА НЕКРОПОЛА*** .......... 7
***3. ЗАПАДНА НЕКРОПОЛА (ИСКОПУВАЊЕ 1995 ГОДИНА)*** .......... 11
***3.1 СКЕЛЕТНИ ПОГРЕБУВАЊА*** .......... 13
***3.1.1 Типови на гробни форми кај скелетните погребувања*** .......... 15
***3.1.1а Слободни вкопувања*** .......... 16
***3.1.1в Гробови со конструкција од хоризонтално поставени тегули*** .......... 35
***3.1.1г Гробови со конструкција во вид на кров на две води*** .......... 58
***3.1.1д Гробови со венец од камења*** .......... 86
***3.1.1ѓ Гробни конструкции цисти*** .......... 89
***3.1.1е Девастирани гробни конструкции*** .......... 115
***3.1.2 ОРИЕНТАЦИЈА*** .......... 126
***3.2 ГРОБОВИ СО КРЕМИРАНИ ПОКОЈНИЦИ*** .......... 130
***3.2.1а Гробни јами без конструкција*** .......... 132
***3.2.1б Гробови со конструкција од хоризонтални поставени тегули*** .......... 155
***3.2.1в Гробни конструкции цисти*** .......... 169
***3.2.1г Погребување во урни*** .......... 177
***3.2.1д Гробови со конструкција во вид на кров на две води*** .......... 185
***3.2.1ѓ Девастирани гробни конструкции*** .......... 220
***3.2.1е Животински погребувања*** .......... 228
**4. ЗАКЛУЧОК** .......... 230
**5. ПЛАНОВИ СО ПОЗИЦИИ НА ГРОБОВИТЕ** .......... **237**
**6. БИБЛИОГРАФИЈА** .......... **238**

# ВОВЕД

Античките некрополи отсекогаш претставувале своевиден магнет за археолозите, па дури и од времињата на колекцинерството, пред археологијата да се етаблира како наука. Овие некрополи биле, а и сеуште се ценети како ризница на археолошки материјал, поради бројните гробни прилози, многу често целосно сочувани. Меѓутоа, проучувањето на овие градови на мртвите ни нудат и огромен број информации за животот, за верувањата, за занаетичиските и уметничките дострели, за социјалната положба на покојниците и уште многу други. Поради тоа некрополите можат да бидат проучувани и анализирани од различни агли, за на крај од тоа да се состави целосната слика за минатото.

Од тие причини и овој магистерски труд има за цел да обработи еден дел од сликата за животот и смртта во античкиот град Стоби, набљудувајќи ја од аспектот на типологијата на гробните форми и ритуси кои се практикувале низ римскиот царски период во овој град. Притоа како предмет на истражувањето се земени археолошките ископувања на Западната некропола, изведени во текот на 1995 година. Во оваа истражувачка кампања биле откриени речиси 500 гробови. Моја задача беше да ја соберам и проучам техничката документација од овие ископувања (технички цртежи, теренски дневници, фотографии, инвентарни картони од движниот археолошки материјал), која патем речено се наоѓаше на различни места и во различни институции, што значително ја отежнуваше работата. Движниот археолошки материјал (гробните прилози) откриен при овие ископувања нема да биде предмет на целосна научна анализа, туку ќе биде употребен во функција на датирање на одредени типови на гробни конструкци и ритуси.

Сакам да ја изразам и мојата благодарност до НУ Национален конзерваторски центар и Националната Установа Стоби, институции кои ми овозможија пристап и увид во овој археолошки материјал, и бројните колеги вработени во нив, со чија несебична помош успеав да ја составам сликата за археолошките ископувања на Западната некропола на Стоби од 1995 година[1].

[1] Во текот на 1995 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата изведува заштитни археолошки ископувања на Западната некропола во Стоби, загрозена со изградбата на автопатот Е-75.

## 1. *ИСТОРИЈАТ И РАЗВОЈ НА ГРАДОТ*

Благодарение на белешките на повеќе антички автори во кои се споменува постоењето на античкиот град со име Стоби, многу лесно е лоцирана и откриена неговата местоположба.[2] Стоби. На устието на Еригон или сегашна Црна Река, во реката Аксиј, денешен Вардар, уште во текот на 19 век биле препознаени маркантните археолошки остатоци, остатоци од градот споменат кај античките писатели како Муниципиум Стобенсиум.[3] Градот се наоѓал на 160 км северозападно од Солун, на магистралниот пат што водел од Дунав кон Егејско море, поради што имал мошне значајна стратегиска, воена и трговска положба во античкиот период. Градот Стоби се распостила на три ниски тераси што се спуштаат кон реката Црна, опкружен со двоен бедем од ѕидови, со кули и порти, од кои главната (т.н. Порта Хераклеја) се наоѓа на западната страна. Античкиот град Стоби, кој како локалитет бил откриен и препознаен уште од првите патописци кои ги забележувале античките споменици на овие простори, за првпат бил споменат од Ј. Г. Фон Хан и Леон Езе во далечната 1891 година[4]. Во 1902 се изведувани извесни истражувања од страна на А. Премерштаин и Н. Вулиќ. Откривањето на неколку објекти од овој град започнало веќе во времето на Првата светска војна, а првите систематски археолошки истражувања од страна на Народниот музеј Белград на археолошкиот локалитет Стоби се случиле во периодот од 1924 до 1940 година, кога биле истражени поголем број објекти - јавни градби, кои се познати на пошироката публика и до ден денес.[5] По Втората светска војна истражувачките активности продолжуваат во континуитет, со иклучок на мали прекини, раководени од разни институции. Истражувањата се интензивирале од 1970 до 1980 год. Во големиот меѓународен проект превземен од страна на југословенско-американска екипа. Во овој период се изведени повеќе ревизиони истражувања на веќе откриени објекти и нови археолошки ископувања на Западната некропола, Casa Romana и водоводната мрежа на Стоби.[6]

Врз основа на историските податоци, како и врз основ на резултатите од археолошките истражувања, се смета дека античкиот град својот развој го започнува во периодот на III – II пред н.е.. Сепак, одредени аргументи (наоди) говорат дека овој простор бил населен многу порано, уште во неолитот, а уште поинтезивно живеел во I милениум пред н.е. поточно во железното време, кога овие области биле

---

[2] Ф. Паапазоглу, 1957.
[3] И. Микулчиќ, 2003, 10.
[4] В. Битракова Грозданова, 2009, 126-129.
[5] И.Микулчиќ, 2003,10.
[6] Археолошка карта, Том 2, 1996, 64.

населени од Пајонците. Досегашните археолошки истражувањата се уште не ги дефинирале во целост границите на овие праисториски населби. Според гробните наоди откриени за време на истражувањата на некрополата во Стоби, а особено според типологијата и квантитетот на металните и керамичките наоди, со сигурност може да се зборува за интензивен развој на пајонската населба по VII век пред н.е. Вистинската урбанизација и преструктуирањето од населба во град започнала од 2.ри век пред н.е., во времето на Римскиот доцно-републикански период.[7]

Информациите за Стоби од доцнохеленистичкиот период, во времето на граѓанските војни во Рим, говорат дека Стоби бил единствен град во провинциите од грчко јазично подрачје, кој имал ранг на Oppidum Civium Romanorum.[8] Во времето на императорот Август, Стоби започнал да се развива во урбан и економски центар и бил



Авионска фотографија на локалитетот Стоби (Автор В. Кипријановски)

почестен со ранг на Municipium. Тоа бил единствен муниципиум во источниот дел на Римската Империја, чиј граѓани го уживале статусот Јус Италикум (римско граѓанско право), кој ги ослободувал од одредени даноци, вклучувајки го и данокот

[7] Е. Петрова 2003, 16.
[8] Е. Петрова 2007/2008, 10.

на имотот (tributum soli). Стоби исто така е познат и по ковањето на бронзени монети, кои се препознаваат по легендата Municipium Stobensium[9].

Во текон на раниот и средниот царски период, градот се развивал интезивно, а неговите жители живееле во благосостојба. За неговиот градителски и културен подем сведочат остатоците од неколку досега откриени објекти: театарот, дел од градскиот форум, Синагогата која ја подигнал Полихармос, Casa romana и др. Со различната етничка припадност на жителите, градот бил вистинска космополитска заедница, со развиен религиозен живот. Се претпоставува дека освен пронајдените храмови на Немеза и Кибела, постоеле повеќе храмови посветени на различни божества, меѓу кои: на триадата Асклепиј, Хигија и Телесфор, на Артемида Лохија, Аполон Клариос, Дионис и Хера, Јупитер Либератор како и еден посветен култ на Императорот. Сето ова се теории кој се потпираат на голем број архитектонски остатоци, скулптури и натписи.

Градот бил организиран според римските ахитектонски шеми, со две главни улици Cardo Maximus и Decumanos Maximus. Историските податоци за Стоби во ранoримскиот период не се забележани. Според стратиграфските податоци и наодите во некои од објектите, градот бил разурнат во крајот на III век а пак тоа се поврзува со наездите на Готите и Херулите во 267-268 година, но и со земјотресот во крајот на III век.[10]

Многу побројни се информациите за Стоби од времето за доцната антика, а особено оние за епископите од Стоби и нивното учество во вселенските собири. Постои податок дека епископот Будиуд присуствувал на собирот во Никеја 325 год. Друг податок е за присуството на имераторот Теодосиј I во Стоби во 388 година, кој токму тука издал два царски едикти.

Во доцниот IV век Стоби станал дел од провинцијата Macedonia Salutaris а најверојатно бил и нејзин главен град. Во V и VI век бил главен град и на новоформираната провинција Macedonia Sekunda. За овие два века се врзува интензивен градителски подем со изградба на неколку базилики во и надвор од градските бедеми, но истовремено и за многуте воинствени настани и природни катастрофи. Спорен неколкуте откриени типови на врвови од стрели, се смета дека Хуните со походите на југ во 450 год., поминале и го уништиле Стоби. Во 472 год., во поход кон Константипол, Стоби е опљачкан од Остроготите, а 479 г., забележано е дека Теодорих го масакрирал градскиот заштитен гарнизон. По сите овие случувања

[9] Gebler, 1935.
[10] И. Микулчиќ, 2003, 10; Петрова Е. 2003, 11.

во 518 година се случува и големиот земјотрес на овие простори. Со овој земјотрес биле зафатени 24 градови, меѓу кој и Стоби, но во 553 година градот повторно го зафаќа земјотрес, после кој жителите на Стоби започнале масовно да го напуштаат градот.[11]

И покрај сите случување Стоби сеуште опстојувал како епископско седиште, во VI век е познато учеството на епископот Фока на собирот во Константинопол 553г., а според некои документи се споменува присуството на епископи во Цариград 680 г., и Трул 692 г..

Последното споменување на градот Стоби е во 1014 година, кога се поврзува со уништувањето на војничката посада кај Стоби, од страна на византискиот император Василиј II. [12]

[11] Е. Петрова 2006, 20.
[12] Е. Петрова 2003, 21.

## 2. *ИСТОРИЈА НА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСКОПУВАЊА НА ЗАПАДНАТА НЕКРОПОЛА*

Првите сознанија за постоењето на Стобската некрополата потекнуваат од 1918 година, кога на платото на оваа доминантна тераса биле отворени темели од Епископската базилика кој тогаш ја истражувал Ф. Кришен. Но во истата година е откриена и Гробјанската базилика, со 60 гробови кои се наоѓале во и околу неа. Овие гробови се од доцноантичкиот период и се датираат во крајот на IV и почеток на V век. [13]

Археолошкиот музеј од Скопје во 1965 година извршил заштитни ископувања на Западната некропола бидејќи со реконструкција на локалниот пат Градско-Паликура биле пресечени и разорени повеќе гробови.[14] Во тие истражувања се откриле 37 гробови, од кои 15 биле датирани во доцен I век н.е. до прва половина на III век (гробовите со кремација)[15], а 22 гроба со инхумација, од кој само 5 содржеле гробни прилози, биле датирани во IV век.[16]

Во периодот од 1970 до 1980 година во Стоби се вршат систематски ископувања во организација на тогашниот Народен музеј од Титов Велес и Универзитетот Тексат во Остин, Соединетите Американски држави. Во самите почетоци на проектот во 1970 се извршени пробни истражувања на просторот југозападно од Југозападната Порта, на простор од околу 75 $м^2$, кој се наоѓа веднаш до една од главните градски порти. На овој простор биле откриени 18 гроба кои се датирани од почетокот на I до крајот на IV век.[17] Наредните 1971 и 1972 год. со бинационалниот (македонско-американски) проект, на простор од 108 $м^2$ во северниот дел на платото се откриени 81 гроб, со различии конструкции и различни погребни обичаи и бројни прилози, датирани од I век на ст.е. до крајот на IV век н.е..[18]

Во 1973 година, со иградбата на системот за наводнување, поточно пред поставувањето на еден од каналите, на околу 200 м. југо-западно од Гробјанската базилика, превземено е заштитно истаражување. Долж неговата траса се откриени, истражени и документирани 129 гробови од IV и V век.[19] Заклучно со кампањата во 1974 год., биле откриени 301 гроб. Таа година значително се проширил просторот

---

[13] H. Dragendorff, (1919) 259-270; I. Mikučić, 1973, 61.
[14] I. Mikulčić, 1965, 126-127, I. Mikulcic, 1973, 61-95.
[15] I. Mikulčić 1973, 70.
[16] Б. Јовановска , 8.
[17] Wiseman J. and Mano – Zissi, Dj. 1971, 404.
[18] Wiseman J. and Mano – Zissi, Dj. 1972, 413.
[19] Извештај НКЦ 18830, 1992.

на Западната некропола во однос на ископувањата од претходните години. Биле откриени нови варијанти на гробни форми, а било констатирано и дека просторот бил користен, но како населбински простор, откако престанал да фунционира како место за погребување. Со икопувањето значително се проширил просторот на Западната некропола во однос на ископувањата кој биле вршени во 1970/ 72 година. На источната страна отворен бил простор од 5м х 12м, на северната од 5м х 14м, а на југ е проширена со сонда од 6м х 12м, лоцирана до источната линија на истражуваниот простор.[20] Наредната 1975 год. на Западната некропола биле откриени вкупно 10 гроба, од кои 9 биле во најниските слоеви. Два од девете гроба биле со инхумација, а според гробните наоди гробот 308 бил датиран во II век пр.н.е. Според својата стратиграфија и прилозите тоа е едно од најстарите погребувања на Западната некропола.[21]

Неколку години подоцна, во 1978 година, извршен е истражувачки зафат во врска со изградбата на железничката пруга Градско-Шивец, планирана да поминува преку јужниот крај на терасата, при што се откриени 327 гробови од IV, V и VI век.[22]

По подолга пауза, наредното истражување на некрополата се случува во 1992 година, во врска со изградбата на меѓународниот пат Е-75, делница Градско - Стоби, со што се откриени уште 444 гробови, временски детерминирани од II век пред н.е. до првата половина на IV век н.е.. Во централниот дел на работниот простор откриена е една монументална ѕидана гробница, со длабока вкопана основа, со свод и неколку скалила. Во нејзината внатрешност се откриени остатоци од скелети на 57 покојници. Гробницата е датирана околу средината на IV век.[23]

Сите овие ископувања и истражувања со откриени стотици гробови, иако различни по обем и истражувачки цели, се од изворедно значење за научното согледување на некрополата. Импозантниот број од 981 гроб, со временско растојание од шест векови, овозможил да се одредат приближните граници на просторот на некрополата, како и да се приберат податоци за времето на нејзиното настанување и развиток низ вековите, а преку диспозиција на работните површини- да се насочат интересите на истражувачите. Со цел да се истражи што е можно поголем дел од Западната некропола, во тоа време се донел предлог план

[20] Excavation at Stobi 1973-1974, 134.
[21] Wiseman J. and Mano – Zissi, Dj. 1976, 278-279.
[22] Каталог, Западна некропола 1992, 7-11.
[23] Извештај НКЦ Живоин Винчиќ 35.21, 1992.

Магистралниот пат Е-75 да се постави токму таму, помеѓу градскиот бедем и Гробјанската базилика.[24]

Западната некропола на Стоби продолжува да се истражува со заштитните археолошки истражувања во 1995 година, како финална заштитна интервенција на загрозениот дел на овој значаен споменик на културата.  Во оваа кампања биле откриени и комплетно се документирани 497 гробови, чии временска припадност се движи од I век пред н.е. до IV век.[25] Токму овие гробови се и главниот предмет на проучување во овој магистерски труд.

Истражувањата на Западната некропола после 14 годишна пауза продолжиле во 2009 година. Тогаш биле откриени уште 84 погребувања, разместени во неколку хоризонти, со различни погребни ритуси и конструкции. Овие гробови биле датирани во периодот помеѓу втората половина на 2.ри век п.н.е. и 4.ти век. Како куриозитет од овие истражувања се истакнуваат еден гроб со дури 115 теракотни фигурини, таканаречениот гроб со урни и гробот на дамата, кои изобилуваат со гробни дарови.

Во периодот меѓу 4.-от и 6.-от век на истиот простор изникнало доцноантичкото предградие на Стоби, со сиромашни куќарки чии остатоци се откривани над некрополата. Новитет во 2010 година е истражувањето на новооткриената Северозападна некропола. На просторот веднаш до северозападниот бедем, во текот на доцната антика била формирана некропола каде покојниците биле биле инхумирани во гробови со конструкција од тегули поставени во вид на кров на две води.

Во 2011 год. На Западната некропола биле откриени уште 24 гробови, од кои посебно внимание заслужуваат гробовите со надземни плитарни конструкции и еден гроб со дури 34 теракотни фигурини. Помеѓу теракотите, за прв пат во Стоби биле откриени претстави на воин или гладијатор и претстава на маж и жена кои се борат за една амфора.

Во 2012 год. биле откриени уште 47 гробови, меѓу кои како специфично е истакнато погребувањето на воин, датирано во 1.ви век п.н.е. Покојникот бил погребан со железно копје, дрвен штит со бронзено умбо и железен бодеж.Покрај нив била откриена и мала бронзена апликација со осумкрака ѕвезда.[26]

---

[24] Извештај НКЦ 12.456/1, 35.21, 1992.
[25] Извештај НКЦ Живоин Винчиќ, 1995.
[26] Б. Ангеловски, 2018, 82-93.

Во 2013 год. на Западната некропола биле откриени 13 гробови, распоредени покрај улицата која излегува од Порта Хераклеја, како убав показател за организацијата на некрополата.

Последните два истражувачки зафати на оваа некропола се случиле во 2016, кога се откриени 33 гробови и 2019 година, со последните 10 гробови.

Сумирајќи ги информациите за повеќедецениските истражувања на Западната некропола на Стоби, доаѓаме до број од преку 2100  гробови, со што можеме да заклучиме дека ова е една од најголемите антички некрополи во Македонија, но исто така и дека ова не е конечниот број на погребувања извршени на овој простор.

## 3. *ЗАПАДНА НЕКРОПОЛА (ИСКОПУВАЊЕ 1995 ГОДИНА)*

Од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, во текот на месеците мај, јуни и првата половина на јули се реализирале обемни заштитни археолошки ископувања на Западната некропола на Стоби, загрозена со изградбата на меѓународниот автопат „ Е-75„ , на делница Градско – Луда Мара.

Големата археолошка екипа била составена од стручњаци од различни профили, и тоа: преставници од тогашниот Републички завод за заштита на споменици на културата, Народниот музеј на Титов Велес, Завод и музеј Штип, Археолошка збирка Валандово и други.

Заштитните археолошки истражувања на Западната некропола биле така концепирани да се овозможи прибирање на сите релевантни елементи за научна интерпретација, донесување на заклучоци и синтези во врска со материјалот и податоците од ископувањата. Археолошките истражуавања се одвивале во средишниот дел од Западната некропола на Стоби. Со истражувањата се опфатени 30 квадрати од координатната мреза која била поставена во 1992 година. Истражувањата потврдиле дека Западната некропола, почнувала недалеку од западната градска порта (Порта Хераклеја).



Почетоците на истражување во 1995 година

Во стратиграфска смисла истражуваниот терен бил брановиден, со поголема длабочина на културните слоеви кон север, а нешто поплитки кон југ. Хоризонтот на субурбиумот и на римската некропола лежат во слој од земја со различни тонови на кафена и кафено-црвена земја. Под него следи слој на песок и чакал, со различна гранулација, кој на одредени места преминува во петрифициран конгломерат.[27] Од археолошки аспект ова е многу битен податок и има свое значење, бидејќи кога некрополата била активна, тој преставувал здравица. Во таа здравица биле вкопувани најдлабоките гробни јами и конструкции. Во долните зони на овој слој не се пронајдени гробни вкопувања. Под тој слој следи флиш, сив до зеленкаст, во кој исто така не се констатирани гробови.

Целите на заштитните археолошки ископувања на Западната некропола наложиле опфат на енормно голем број гробни конструкции кој се различни по тип, градба и содржина, а со мошне широк хронолошки опсег. Во оваа фаза од истражувањето на Западната некропола, која е и цел на магистерскиот труд, се откриени, истражени и комплетно документирани 497 гробни целини, чија временска припадност се движи од I век п.н.е. до IV век. Ритусот на кремација е присутен кај 255 гробови датирани од I век п.н.е и раното римско царство, а 242 погребувања се со инхумирани покојници, датирани во III и IV век. Јасно е дека двата ритуси се речиси подеднакво застапени, иако во оделни квадранти претежнува едниот или пак другиот сепулкларен ритус.[28]

Општиот статистички преглед покажува изедначеност во поглед на ритуалот на погребување.




[27] Извештај НКЦ 35.22, втора фаза, 1995.
[28] Извештај НКЦ 35.22, 1995.

## *3.1 СКЕЛЕТНИ ПОГРЕБУВАЊА*

Биритуалната пракса на инхумација и кремација, како различни типови на гробни ритуси и третман на покојниците, им била добро позната на Римјаните и двата ритуси во различен сооднос егзистирале еден покрај друг низ целиот историски развој на римскиот период.

Меѓутоа, кон крајот на I век и првата половина на II век од н.е. започнува постепено и пошироко прифаќање на ритусот на инхумација,[29]кој ќе влезе во сѐ поинтензивната употреба од средината на III век, а со дефинитивната победа на христијанската религија и култура ќе преовладее и ќе биде единствен и основен начин на погребување на мртвите како погребен ритуал. Промената на ритуалот најпрво земала замав во самиот Рим, а прифаќањето во провинциите одело постепено, во зависност од реакциите кон политичките, социјалните, економските и религиозни промени со кои било зафатено римското општество.

Пробивот на инхумацијата и постепеното напуштање на кремацијата се еден од најинтересните феномени на кои археологијата сеуште се обидува да даде задоволувачки одговор. Постојат разни теории кои се обидуваат да ја објаснат оваа појава, а како најчести причини кои ги предизвикале овие промени се сметаат пробивот на ориенталните култови и религии, како и промената на сфаќањата во однос на задгробната судбина на покојникот. Во последно време преовладува мислењето дека ширењето на инхумацијата било прашање на моден тренд кој најпрвин бил прифатен од страна на повисоките елитни слоеви како рефлексија на фаворизацијата на хеленската култура во текот на II век и кој постепено бил следен и од останатите пониски општествени слоеви.[30]Појавата на инхумацијата во раноцарскиот период на римските некрополи од централниот Балкан, не ги одминува општите текови и појави карактеристични и за останатите делови од Римската Империја. Постојат повеќе интерпретации кои се обидуваат да ги објаснат овие промени. Со оглед на тоа што доминантен погребен ритуал во предримскиот период на овие простори била кремацијата, на инхумацијата се гледало како на пракса која ја донеле доселеници. Инхумацијата била доминантен ритус и третман на телото во источната половина од Римското Царство. Со последните социолошки интерпретации ширењето на инхумацијата во провинциите е резултат на следењето, односно имитацијата на активностите во Рим од страна на локалните елити (повисокиот сталеж), но со сигурност овој погребен ритуал го применувала и

[29] Л. Јованова 2013, 874.
[30] I. Morris, 1992, 59-68; И. Кузмановски 2018, 15.

дел од автохтоната популација, особено оние од পонiskите општествени слоеви кои не можеле да си ги дозволат скапите издатоци за потребите на кремацијата.

Несомнено од тие причини нај раните римски истражени гробови во Стоби има релативно малку вистински Римјани кои биле погребувани во урни (римски обичај)[31], според италските обичаи. Повеќето од нив според гробните форми упатуваат на потекло од хелинистичкиот свет.[32] Првите жители на римскиот град Стоби живееле и се погребувале според своите автохтотони обичаи, а инхумацијата постепено добива примат кој ќе резултира со потполна доминација кон крајот на III и почекот на IV век.[33] Во рамките на ова истражување на Западната некропола на Стоби засега не може со сигурност да се утврдат издвоени простори за погребување на одредена група на население, според социјална, професионална, етничка, религиозна, старосна или друг вид на припадност.

Според досегашните резултати од долгогодишните истражувања на западната некропола во Стоби, најчестначин на скелетно погребувања се практикува индивидуално погребување, а ретка е појавата на заедничко погребување на двајца или повеќе покојници во ист гроб, но сепак имаме исклучоци. Покојниците вообичаено се погребани во испружена положба на грб, со раце положени покрај телото (торзото), или превиткани во пределот на стомакот, карлицата (потпрени на колковите). Двете нозе биле испружени додека стапалата се допирале едно до друго, а главата најчесто е на западната страна.

---

[31] Л. Јованова 2013, 873.
[32] И. Микулчиќ 2003, 38.
[33] Б. Р. Андерсон-Стојановиќ 2018, 51.

### *3.1.1 Типови на гробни форми кај скелетните погребувања*

Под силно влијание на верувањата и култовите од исток, донесени кај нас преку доселениците, војската, трговците, занаетчиите, веќе кон крајот на 2 век од н.е. постепено почнува да се прифаќа (враќа), применува скелетното погребување на Западната некропола во Стоби. Но станува и примаран погребен ритуал во подоцнежните погребувања на западната некропола во Стоби, датирани во 3 и 4 век од н.е..[34] Скелетното погребување се вршело во неколку основни гробни форми во чии рамки се забележуваат повеќе варијанти и тоа: обични гробни јами, гробна јама покриена со рамен или двосливен покрив (дрвена даска, тули, камени плочи), гробови со дрвени ковчези, гроб во форма на циста од тули или камени плочи, ѕидани конструкции од тули, камен и малтер, како и еден примерок од камен саркофаг.

[34] Б. Р. Андерсон-Стојановиќ 2018, 51.

### *3.1.1а Слободни вкопувања*

Во зависност од околностите, копањето на гробната јама се случувало непосредно по смртта на покојникот. Во случаевите на инхумација најчесто се копала релативно плитка елипсовидна или правоаголна јама, која откако ќе се положи покојникот, се затрупува со земја, без никакво обележје. Најчесто слободните укопи на Западната некропола откриваат дека покојничите се положуваат на грб во испружена позиција, со двете раце поставени крај торзото а дланките потпрени на колковите, и двете нозе испружени. Освен покојниците во гробовите 1719, 1881, 1617, 1736 и 1818, кои се положени во згрчена положба на страна, со рацете свиткани и поставени на гради, а кај покојникот во гроб 1736 рацете се испружени покрај згрченото торзо. Инхумацијата не е карактеристична за хелинистичкиот период во Стоби. Кремирањето доминира во средина на 2 век пр. н.е., но новороденчињата, децата и исклучоци од возрасни особи се погребувале скелетно.[35] Широкиот дијапазон на инхумирани покојници го илустрираат детското погребување во гроб 1313, каде како гробен прилог е пронајдена бронзена монета од IMP. LICINIVS (308-324)[36], додека во гроб 1369 е пронајдена керамичка луцерна датирана 1 век пред н.е. и прва половина на 1 век н.е.[37], а во гроб 1253 датирана во првата половина на 2 век н.е.[38] Најчесто погребувањата на возрасните покојници во слободните укопи се празни, без гробни прилози, со исклучоци во гробовите 1410 и 1531, каде се откриени мешести чаши со една рачка кои се датирани 2 век[39]. Ваквите чаши се наоѓани на бројни локалитети, а во Стоби[40] се појавуваат во 1 век н.е. Тие се застапени и подоцна во Скупи[41] и Исар Марвинци.[42]

---

[35] В. Р. Андерсон-Стојановиќ 2018, 51.
[36] Извештај НКЦ од Б. Јовановска 1995.
[37] А. Јакимовски 2012, 130.
[38] А. Јакимовск 2012, 203.
[39] Каталог, M. Stobensium 1994, 44.
[40] V. Anderson-Stojanovic 1992, 115.
[41] Л. Јованова- Д. Михајлова, сл. 23, 24, 25.
[42] В. Соколовска1986, Гроб 21, Демир Капија, Т-78.









**Гроб 1195**
Гробни прилози:

kерамички сад (k-95-73)

Необјавен

---













**Гроб 1196**
Гробни прилози:

кер. чаша (k-95-65)

бронзена монета (M-95-030)

коскени игли (НУС-А-КП-4273, RN-95-43)
луцерна (НУС-А-Л-3830)

Необјавен

---






**Гроб 1228**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1240**

Гробни прилози: нема

Необјавен










**Гроб 1304**

Гробни прилози:

бронзена монета (М-95-094) нечитлива
Необјавен

**Гроб 1313**

Гробни прилози:

бронзена монета IMP. LICINIVS P.F. AVG (308-324)
(М-95-094)
Необјавен




**Гроб 1318**

Гробни прилози:

брозен прстен (РН-95-75)

ѓердан од мониста (РН-95-75)

Необјавен






**Гроб 1405**

Гробни прилози:

мал кер, сад (НУС-А-К-3482)

Необјавен










**Гроб 1340**

Гробни прилози:

2 бронзени прстени

(RN-95-83, 82)

белегзија од гагат (РН-95-081)

Необјавен

---









**Гроб 1369**
Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3838)

Необјавен

---






**Гроб 1410**

Гробни прилози:

керамичка чаша (К-95-269)

Необјавен






**Гроб 1252**

Гроби прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3840)

Необјавен



**Гроб 1433**

Гробни прилози:

бронзена алка (RN-95-100)

Необјавен




**Гроб 1469**

Гробни прилози:

златни обетки (RN-95-118)

бронзена алка (RN-95-140)

Необјавен







**Гроб 1512**

Гробни прилози:

фраг. коскена игла (RN-95-152)

Необјавен






**Гроб 1532**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1531**

Гробни прилози:

фрагментирана кер. чаша (К-95-280)

фраг. кер. длабока чинија (К-95-281)

Необјавен




**Гроб 1545**

Гробни прилози:

луцерна (Л-95-107)

Необјавен



**Гроб 1860**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1583**

Гробни прилози:

3 бронзени прстени (RN-95-167, 168, 169)

Необјавен




**Гроб 1719**

Гробни прилози:

златна обетка (RN-95-205)

Објавен[43]

[43] Е. Николовска, 2008, 252.




**Гроб 1881**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1315**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1246**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1320**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1341**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1404**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1450**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1464**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1564**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1553**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1565**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1571**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1574**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1572**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1581**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1584**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1619**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1617**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1663**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1625**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1664**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1690**
Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1691**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1738**
Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1730**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1818**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1873**

Гробни прилози: нема
Необјавен

**Гроб 1829**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1736**

Гробни прилози: нема

Необјавен

### *3.1.1б Слободни вкопувања со два и повеќе покојници*

Покрај слободните вкопувања со еден покојник на Западната некропола на Стоби се откриени и слободни вкопувања со повеќе покојници, од кои 7 погребувања со двајца покојници, 6 со три покојници, а гроб 1460 со дури шест скелети. Еден гроб е со седум покојници, но тој е нумериран со два броја 1840 и 1880, но од техничката документација е очигледно дека се работи за еден гроб. Како гроби прилози биле приложени два керамички унгвентариуми – булбуси, со крушковидно тело и рамно дно, со издолжен врат и извлечен венец. Унгвентариумите со инв. бр. К-95-630 и НУС-А-К-3735 во гробот 1880 и 1840 се од типот '' F'', кај В. Андерсон. Овие унгвентариуми се многу чести на некрополата во Стоби,[44] но истите се наоѓаат и во Исар Марвинци.[45] Во двојните погребувања, со исклучок на гроб 1305 каде што едниот од покојниците е положен на стомак, сите покојници се положени на грб, нозете испружени а стапалата допрени, додека дланките се испружени покрај торзото, свиткани и потпрени на карлица. Во гробовите 1563 и 1566 се погребани возрасни индивидуи со дете, без гробни прилози. Меѓу гробовите со повеќе покојници се издвојува гроб 1767, без гробни прилози, каде двајца од покојниците се положени на левата страна во згрчена положба, со рацете свиткани во лактите, а третиот покојник е положен на стомак. Честите гробни прилози на некрополата во Стоби, коскените украсни игли, укосници кои се со вретенесто тело и разновидни глави (топчести, елипсовидни во вид на шишарка) датирани се 2-3 век, најдени во гробовите 1879 и 1766. Чести се на локалитетите низ Балканот.[46] Слични се најдени и во гробови во истражувањата од 1992 година[47]. Релативно чест наод се и златни обетки, како оние од гроб 1766 , изработени од златна жица со превиткани краеви (инв бр. RN-95-230, 231 и 231А и Б) кои се датирани 3-4 век а се наоѓани и на други локалитети, како на Исар Марвинци, Скупи, Тесалоники.[48] Според нив ова погребување слободно може да го датираме 3 век. Сите останти гробни целини кои се без гробни прилози не можеме со сигурност да ги датираме. Една мала бронзена фибула од малоазиски тип, пронајдена во гроб 1305 излегува од хронолошките рамки на останатите погребувања, па сметам дека се работи за артефакт кој случајно завршил во гробната јама, а не е дел од накитот на покојникот.

---

[44] V. Anderson-Stojanovic 1992, 85 , (sl. 591, 592).
[45] В. Соколова 1986, Т50, сл. 5,6.
[46] М. Шурбаноска- Д. Здравковски 1996, 110.
[47] Каталог, Municipium Stobensium 1994, 61.
[48] И. Микулчиќ 1974, сл.39, 40; В. Соколовска 1986, Т. 4; Каталог, Municipium Stobensium 1994, 48.









**Гроб 1305**

Гробни прилози:

бронзена фибула, малоазиски тип

(RN-95-60)

Необјавен




**Гроб 1168**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1563**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1604**

Гробни прилози:

залатни обетки (RN-95-176)

стаклена белегзија ( RN-95-176)

железна алка (RN-95-186)

бронзена алка (RN-95-185)

Необјавен



**Гроб 1566**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1831**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1879**

Гробни прилози:

Коскена игла за коса со топчеста глава

(НУС-А-КП-4289)

Коскен предмет (RN-95-326)

Необјавен






**Гроб 1767**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1835**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1312**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1850**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1165**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1460**

Гробни прилози:

3 брозени прстени – алки

(RN-95-153, 154, 153)

Необјавен






**Гроб 1880 и 1840**

Гробни прилози:

кер. унгвентариум – булбус (НУС-А-К-3735)

кер. унгвентариум – булбус (К-95-630)

Необјавен

---










**Гроб 1766**

Гробни прилози:

коскена игла за коса со глава шишарка (НУС-А-КП-4274)

коскена игла за коса со глава шишарка (RN-95-228)

бронзена белегзија (RN-95-236)

бронзена алка (RN-95-236)

Фраг. коскена игла за коса (RN-95-238)

железен предмет (RN-95-237)

златни обетки (RN-95-231, 230, 232)

кер. булбус-унгвентариум (К-95-485)

Необјавен

### *3.1.1в Гробови со конструкција од хоризонтално поставени тегули*

На Западната некропола во Стоби во истражувањата од 1995 година се откриени вкупно 56 гробови од типот инхумација со конструкција од хоризонтални поставени тегули. Во четири случаеви се работи за двојни погребувања, во два случаеви на тројни и еден случај на погребување на четири покојници во еден гроб, иако работно се нумерирани со три различни гробни броеви (1861, 1862 и 1863)[49]. Од техничката документација може да се види дека сепак се работи за погребување на повеќе покојници во една гробна јама, а со раздвоени покривни тегули.

Во плитка елипсовидна или правоаголна јама непосредно се положувал покојникот на грб во испружена позиција, со двете раце поставени крај торзото, а дланките се потпрени на колковите, двете нозе се испружени. Покојникот прво е затрупан со слој од земја од 20-30 см. А потоа јамата се покрива со тегули или камени плочи. Како нивно обележје се истакнува поставувањето на една или повеќе правилно поставени хоризонтални тегули. Од ова правило се издвојува гробот 1434. Откако е направена гробната јама, таа е поплочена со две големи хоризонтални тегули, врз кои е положен покојникот на грб. Како гробен прилог е најдена една фрагментирана украсна коскена игла (инд.бр. RN-95-99), датирана во 4 век, а исти такви се откривани во истражувањата од 1992.[50]

Како варијанти на овој тип на конструкции се гробовите 1393, 1657 и 1386 на кои се поставени хоризонтални камени плочи, а истите се без гробни прилози. Трета варијанта на овој тип гробни форми се гробови во кои како гробно обележје се користеле комбинирани варијанти од погоре наведените. Гробни конструкции каде се присутни хоризонтални поставени тегули во комбинација со камен се гробовите 1279, 1307, 1328, 1377, 1448 и 1398. Од овој тип на гробови ќе се издвои како единствен гробен прилог во гроб 1328, бронзената фибула во форма на птица -паун (инв. Бр. НУС-А-НК-4010). Овие фибули се сметаат за ранохристијански и покрај декоративната намена имаат и симболичко значење. Изгледот на овие фибули во литература се поистоветува со паун, симбол на бесмртност во ранохристијанската уметност, чест мотив во ранохристијанската декорација. Кај нив за доловување на склопени крила се изведени точки, кругчиња и паралелни врежани засечоци. Повеќето имаат прстенесто задебелување на вратот и ребрата на преминот од телото кон трапезоидната опашка. Вакви фибули се среќаваат во Јужна и Централна Европа, вклучувајќи го и Балканот. Редок наод се од 4 до 7 век. Еден примерок е

[49] Известај НКЦ, 1995.

[50] Каталог, Municipium Stobensium, 1994, 58.

најден во Скупско погребување, датиран од крајот на 6 до почетокот на 7 век.[51] Стобската фибула во форма на птица-паун, врз основа на аналогиите и местото на наоѓање е доста постара и потекнува од 4 век.

Од гробни прилози во дел од ваквите гробови е присутен накит. Во гроб 1212 е пронајдена една обетка од златна жица со превиткани краеви, а истите се присутни и во Исар Марвинци, Скупи,[52] (инд.бр. RN-95-42), додека во гроб 1372 е пронајдена една златна обетка од тордирана жица (инд.бр. RN-95-73). Овие типови на обетки се датирани во 3-4 век.[53] Во гроб 1622 е пронајдена стаклена белегзија (инд. бр. ST-95-42) со правилна кружна форма, датирана во 4 век,[54] и златна обетка со мониста од стаклена паста. Обетката е изведена од тенка, кружна жица со превиткани и спирално намоткани краеви а меѓу спиралите една мониста од стаклена паста. Обетката е датирана 3-4 век[55] (инд бр. RN-95-181). Две белегзии (инд.бр. RN-95-152) од подебел тељ со краеви кои се преклопуваат, ѓердан од гагат (инд.бр. RN-95-166) во гробот 1526, се присутни и на други локалитети во Македонија откриени во Стоби, Будур Чифлик кај Демир Капија каде култот на Кибелата бил почитуван и во Скупи.[56] Покрај овие гробни прилози во гробот се пронајдени и пар обетки кои се приклучуваат кон малоазискиот круг (инд.бр. RN-95-136) со престава на диви пчели. Останатите гробни прилози во Гроб 1526 се украсни коскени игли со вретенасто тело и топчести глави, датирани 3-4 век (инд.бр. RN-95-163 и 164) и еден бронзен прстен ( инд.бр. RN-95-152) лошо сочуван, објавени од Е. Николовска.[57] Во гроб 1706 една коскена укосница за коса со вретенаста форма и глава во вид на шишарка, која е датирана 4 век. [58] Нај застапен тип керамика се керамичките чаши со една држалка. Застапени по една како гробен прилог во гробовите 1253, 1302, 1374, 1448. Тоа се мешести чаши со една рачка , со вертикално или косо извлечена устинка под која се наоѓа ребро. Иако се типолошки слични, сепак видливи се и разликите. Како во големината, профилот на реципиентот и венецот. Наоѓани се на бројни локалитети, во Стоби[59], Скупи[60], Исар Марвинци.[61] Чашите се датирани од 1 до 3 век.[62] Во тие хронолошки рамки влегува и чашата со две рачки (инд.бр. НУС-А-К-3433)од гроб

[51] М. Ончевска - Тодоровска 2017, 302.
[52] И. Микулчиќ. 1974 сл. 39, 40.
[53] Каталог, Municipium Stobensium, 1994, 59.
[54] Каталог, Municipium Stobensium, 1994, 60 сл. 332.
[55] Каталог, Municipium Stobensium, 1994, 55 сл. 278.
[56] И. Микулчиќ 1974, сл. 46; Е. Николовска 2008, 265.
[57] Е. Николовска 2008, 265.
[58] Municipium Stobensium, 1994, 58 сл. 306.
[59] V. Anderson-Stojanovic 1992, 975.
[60] Л. Јовановска - Д. Михаилова 1999, сл 23, 24, 25.
[61] В. Соколовска 1986 Гроб 21, Демир Капија; Municipium Stobensium, 1994, 50 сл. 241.
[62] М. Шурбаноска- Д. Здравковски 1996, 107.

1255 датирана 3 век[63] пронајдени и на ископувањата во 1992 год. На некрополата во Стоби. Како застапена форма од керамичкиод материјал се појавува и унгвентариумите со топчесто тело, масивно со широк и долг врат. Венецот е хоризонтално зарамнет и извиен со рамно дно. Овој тип на унгвентариуми се најдени во гробовите 1375, 1874 датирани 3 век.[64] Само во еден случај во гроб 1575 керамички унгвентариуми – булбуси, со крушковидно тело и рамно дно, со издолжен врат и извлечен венец ( инд.бр. НУС-А-К-3604) е од типот '' F'', кај В. Андерсон. Овие унгвентариуми се многу чести на некрополата во Стоби, но истите се наоѓаат и во Исар Марвинци.[65]

Значајна група наоди кој се приложувани како гробни прилози се керамичките луцерните. Во гроб 1338 како гробен прилог е пронјадена керамичка луцерна (инд.бр. НУС-А-Л-3848) датирана средина на 2 век,[66] додека луцерната (инд.бр. Л-95-029) ставена како прилог во детско погребување гроб 1275 датирана средина на 2 век.[67]

[63] Municipium Stobensium, 1994, 49 сл. 236, М. Шурбаноска- Д. Здравковски 1996, 98.
[64] М. Шурбаноска- Д. Здравковски 1996, 103 сл. 19.
[65] V. Anderson-Stojanovic 1992, (sl. 591, 592), 85.
[66] А. Јакимовски 2012, 206.
[67] А. Јакимовски 2012, 206.




**Гроб 1164**

Гробни прилози: нема

Необјавен










**Гроб 1169**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1487**

Гробни прилози: нема

Необјавен








**Гроб 1176**

Гробни прилози:

бронзен прстен (RN-95-17)

Необјавен







**Гроб 1212**

Гробни прилози:

Златна обетка (RN-95-42)

Необјавен




**Гроб 1826**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1231**

Гробни прилози: нема

Необјавен









**Гроб 1239**

Гробни прилози: нема

Необјавен








**Гроб 1254**

Гробни прилози: нема

Необјавен










**Гроб 1253**

Гробни прилози:

керамичка чаша (К-95-118)

Необјавен

---








**Гроб 1255**

Гробни прилози:

кер. чаша со две рачки (НУС-А-К-3433)

бронзена алка (RN-95-45)

Необјавен

---




**Гроб 1608**

Гробни прилози: нема

Необјавен












**Гроб 1275**

Гробни прилози:

луцерна (Л-95-029)

Необјавен







**Гроб 1276**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1711**

Гробни прилози: нема

Необјавен












**Гроб 1279**

Гробни прилози:

кер. чаша (НУС-А-К-3475)

Необјавен















**Гроб 1302**

Гробни прилози:

кер. чаша (К-95-161)

кер. пехар со две рачки (К-95-162)

кер. чаша со една рачка (К-95-163)

Необјавен













**Гроб 1307**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---





**Гроб 1372**

Гробни прилози:

златна обетка (RN-95-73)

Необјавен







**Гроб 1311**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1324**

Гробни прилози: нема

Необјавен










**Гроб 1328**

Гробни прилози:

бронзена фибула  во форма на паун (НУС-А-НК-4010)

Необјавен





**Гроб 1359**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1393**

Гробни прилози: нема

Необјавен





**Гроб 1374**

Гробни прилози:

кер. чаша со една рачка (НУС-А-К-3486)

Необјавен








**Гроб 1375**

Гробни прилози:

кер. унгвентариум- булбус (НУС-А-К-3485)

Необјавен












**Гроб 1377**

Гробни прилози:

керамичка чинија (К-95-253)

бронзена монета, нечитлива (М-95-254)

Необјавен






**Гроб 1398**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3848)

Необјавен

**Гроб 1429**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1434**

Гробни прилози:

Фраг. коскена игла (RN-95-99)

Необјавен







**Гроб 1427**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---

**Гроб 1435**

Гробни прилози: нема

Необјавен












**Гроб 1475**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1485**

Гробни прилози:

бронзено ѕвонче (RN-95-157)

Необјавен




**Гроб 1510**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1518**

Гробни прилози:нема

Необјавен




**Гроб 1569**

Гробни прилози:

белегзија од гагат (PH-95-190)

Необјавен




**Гроб 1598**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1575**

Гробни прилози:

Кер. унгвентариум- булбус (НУС-А-К-3604)

Необјавен






**Гроб 1706**

Гробни прилози:

коскена игла со глава на шишарка (RN-95-228)

Необјавен

**Гроб 1872**

Гробни прилози: нема

Необјавен

















**Гроб 1674**

Гробни прилози: нема

Необјавен

**Гроб 1675**

Гробни прилози: нема

Необјавен









**Гроб 1874**

Гробни прилози:

кер. унгвентариум- булбус (К-95-615)

Објавен[68]



**Гроб 1657**

Гробни прилози: нема

Необјавен








**Гроб 1448**

Гробни прилози:

кер. чаша со една рачка (НУС-А-К-3550)

Необјавен

[68] Е. Николовска 2008, 256







**Гроб 1386**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1622**

Гробни прилози:

златни обетки (RN-95-181)

ѓердан од стаклени мониста (RN-95-192)

стаклена белегзија (ST-95-42)

Необјавен




**Гроб 1474**

Гробни прилози:нема

Необјавен





**Гроб 1610**

Гробни прилози:нема

Необјавен

**Гроб 1488**

Гробни прилози:нема

Необјавен









**Гроб 1526**

Гробни прилози:

2 коскени игли за коса (RN-95-163, 164)



златни обетки (RN-95-136)

ѓердан од гагат (RN-95-166)

детски бронзени белегзии (RN-95-165)





бронзен прстен (RN-95-152)

Објавен[69]

---






**Гроб 1861, 1862, 1863**

Гробни прилози: нема

Необјавен

[69] Е. Николовска 2008, 250.

## *3.1.1г Гробови со конструкција во вид на кров на две води*

Независно од гробниот ритус присутна е една иста религиозност во сфаќањето на задгробниот живот. Гробовите во сите случаеви се само привремени престојувалишта на покојниците преку кои се одржува траен контакт на живите и мртвите. Во ископувањата од 1995 година на Западната некропола во Стоби истражени се и обработени 68 гробови со гробни конструкции формирани од тегули поставени во вид на кров на две води, најчесто индивидуални, но имаме и примери на двојно погребување во гробовите 1272 и 1600, за жал без гробни прилози, додека тројно погребување се појавува во гробовите 1570, 1363 и 1191.

Основен материјал од кој се направени гробните конструкции во вид на кров на две води во Стоби, се рамни тегули поврзани меѓу себе со инбрекси. На тој начин се формира конструкција на ‘’куќа,,. Основата на овој тип гробови е елипсовидна или правоаголна јама, но без вертикални ѕидови. Само во два случаеви на детски погребувања гроб 1378 и 1338 се среќава гробна конструкација каде послем ископувањето на јамата таа е поплочена со хоризонтални рамни тегули, врз кои во испружена положба на грб е положен покојникот без гробни прилози. Сите останати покојници се директно положени на земја, односно дното на јамата не е поплочено. Многу често кај овие гробни конструкции се јавува дополнително прицврстување. Тегулите се потпираат по должина со изделкани камења, а имаме примери каде потесните страни со изделкани камења, но имаме примери каде потесните страни се затвораат со хоризонтално поставени тегули или камени плочи. Такви примери се гробовите: 1376, 1384, 1473, 1516, 1621 итн. Овој тип на погребување се среќава на некрополата во Стоби[70] Прилеп (Пештерица, Бакалица), Дукља[71] и други. Само една гробна конструкција се издвојува гроб 1586 гробна јама покриена со тегули на две води, а врз нив е формирана платформа од камења. И овој гроб е без гробни прилози. Ваква гробна конструкција е истражена во ископувањата од 1992 година но во тој случај се работи за кремиран покојник.[72]

Иако се доста сиромашни, како гробни прилози во овој тип на гробови се среќаваат накит (еден пар златни и бронзени обетки, белегзија од гагат, три бронзени прстени). Во гроб 1350 белегзија од гагат (инд.бр. RN-95-85), сочувани се седум елипсовидни сверни делови на кои површината  им е обработена со режење

[70] М. Шурбаноска – Д. Здравковски 1996, 98, А. Јовановиќ 1984, 139.
[71] А. Цермановиќ-Кузмановиќ, О. Велимировиќ-Жижиќ, Д. Срејовиќ 1975, 30.
[72] М. Шурбаноска – Д. Здравковски 1996, гроб 597, 97.

датирана 3-4 век.[73] Во гроб 1638 е пронајдена златна обетка, мала алка кај која на три места има врежани линии. Слични обетки освен во Стоби[74] и на лок. Исар Марвинци[75], а датирани се 3 век. Оваа слика се надополнува со неколку вретенасти коскени игли – укосници за коса кои главно се датираат 2 и 3 век,[76] и едно фрагментирано кружно бронзено огледало (инд.бр. RN-95-333) најчесто датирани од 2 до крајот 3 век во Стоби.[77]

На Западната некропола во Стоби, во зависност од околностите, копањето на гробната јама се случувало непосредно по смртта на покојникот. Најчеста гробна форма кај гробовите со кремација во Стоби се плитките, кружни или елипсовидни јами или јами со неправилна форма, во кои едноставно се положувале кремираните остатоци од покојникот. Римските градови имале посебен отворен простор надвор од градските ѕидини, каде се палело телото на покојникот, иако во Стоби не е индитификувана ниту една површина за кремирање. Кога кремирањето се вршело на ustrinum или на некое друго место, а не во гробната јама, остатоците од кладата се собирале и се положувале во ладна или топла состојба во гробната јама. Покојниците најчесто гореле со нивните лични предмети, но имаме случаеви каде личните предмети и гробни прилози биле изложени на гробниот оган додека тој спласнувал. Таков пример ни е грнчаријата која е делумно изгорена или делумно избледена. Кремациите во кои постојат докази за „гробен оган“, односно тие во кои внатрешноста на јамата е изгорена, веројатно биле подготвувани пред кремирањето.[153] Откако ќе се приложат остатоците на покојникот и гробните дарови низ целата површина на гробната јама, се затварала со земја, без никакво обележје. Од археолошки материјал во овој тип гробови е најзастапена керамиката која преовладува кај сите типови на погребувања. Најзастапен тип на керамика се чашите со една држалка, како во гроб 1148 (инв.бр. К-95-21) , гроб 1283 (НУС-А-К-3464), гроб 1325 (НУС-А-К-3474) и гроб 1461 (НУС-А-К-3496 и 3497). Тоа се мешести чаши со една рачка, со вертикално или косо извлечена устинка под која се наоѓа ребро. Иако се типолошки слични, сепак видливи се разликите, како во големината, профилот на реципиентот и венецот, а во еден случај имаме и украсување на чашата (гроб 1461). Чашите се изработени од прочистена глина, со црвено печење и премачкани со премаз во темноцрвена боја. Ги има на бројни локалитети. Во Стоби,[154] се појавуваат во 1 век н.е., а се застапени и подоцна во некрополата на Скупи,[155] Исар Марвинци[156] и Виминациум.[157] Во едно погребување во гроб 1283 (инв.бр. НУС-А-К-3468) имаме чаша со две држалки, едноставен венец и рамно дно датирана во 3 век.[158] Од керамички материјал во овој тип гробови доста застапени се унгвентариумите. Вретенасти унгвентариуми со форма карактеристична за хеленистичкиот период,

---

[153] В. Р. Андерсон-Стојанович 2018, 59.
[154] V. Anderson-Stojanovic 1992, sl. 973,974,975.
[155] Л. Јовановска-Д. Михаилова 1999, сл. 23, 24, 25.
[156] В. Соколовска 1986, гроб 21.
[157] Е. Николовска, 2008, 258.
[158] Municipium Stobensium, 1994, 49, сл. 236.

целосно сочувани, [159]среќаваме во гробовите 1203, 1301, 1266, 1461, 1490, 1224, 1651, а во гроб 1817 имаме дури девет примероци од вретенаст унгвентариум, датирани во 2 век пр.н.е.[160] Исти такви се среќаваме на освен во Стоби,[161] и на Исар Марвинци.[162] Како втора група на унгвентариуми се среќаваат унгвентариуми т.е. булбуси со луковичесто тело од типот “Р“ и унгвентариуми со крушковидно тело тип “F“ кои имаат рамно дно, издолжен врат и извлечен венец. Според В. Андерсон датирани се од 1 до 2 век. Вакви унгвентариумите се пронајдени во гроб 1316, 1537, 1785, 1806, 1817 и 1838. Унгвентариуми од двата типа се чести на некрополата во Стоби[163]

Во гроб 1266 пронајден е целосно сочуван лагинус со (инв.бр. НУС-А-К-3461), со биконична форма, низок и широк стомак, вратот е дол а ободот е благо закосен. Според О. Брукнер оваја форма е импортирана од Италија и ја датира во втора половина на 1 век до средина на 2 век.[164]

Како чести гробни прилози ги среќаваме и керамичките луцерни. Поради добрата фрактура се најчесто целосно сочувани. Во гроб 1226 е пронајдена луцерна (инв.бр. НУС-А-Л-3832) со претстава на Ерос со флејта, датирана во 3 век.[165] Луцерната од гроб 1417 (инв.бр. НУС-А-Л-3879) на дискот има претстава на човек меѓу растенија, кој во рацете има удирачки инструмент, датирана во втора половина на 3 и ран 4 век.[166] И во гробот под број 1633 е пронајдена керамичка луцерна (инв.бр. L-95-103), датирана во доцен 1 век пр.н.е. и прва половина на 1 век н.е..[167]

Само во едно погребувања се среќаваат теракотни фигурини како гробен прилог и тоа во гроб 1689. Теракотната претстава на Афродита во вид на жена што седи, преставена гола, со косата разделена на средина, одзади собрана во кок, ја имаме во 10 примероци и датирана е од 1 век пр.н.е. до 1 век н.е..[168] Имаме по три примероци на Телесфор со дете. Ова е честа претстава на некрополата во Стоби.[169] Телесфор е претставен фронтално, со вообичаената наметка со качулка, а покрај него од десната страна стои дете. Овие фигурини ја симболизираат заштитничката

[159] В. Соколовска 1986, 83.
[160] Municipium Stobensium, 1994, 21 сл. 24 и 25.
[161] М. Шурбаноска-Д. Здравковски 1996, 107 сл 21
[162] В Соколовска 1986. Т18.
[163] V. Anderson- Stojanovic 1992; ; Municipium Stobensium, 1994, 33, сл. 104; М. Шурбаноска-Д. Здравковски 1996, 107.
[164] O. Brukler 1981, 112, T 133.
[165] А. Јакимовски 2012, 235.
[166] А. Јакимовски 2012, 235.
[167] А. Јакимовски 2012, 130.
[168] Municipium Stobensium, 1994, 33.
[169] В. Петрушевска Петроска 2018, 108, сл 4.

улога на божеството кон децата во текот на животот, но и потоа. Слични фигурини се најдени во ранoримските погребувања во Амфиполис и Тесалоника, датирани во 1. век од н.е.[170] Теракотните фигурини со претстава на петел (инв.бр. TF-95-128), се присутни со далеку помал број на примероци[171], но сепак се второто по бројност застапено животно меѓу стобскиот теракотен фонд. Симболиката на петелот е голема, се смета за птица на сонцето и има голема апотропејска моќ. Се датираат во 2 век пр.н.е..[172] Имаме и еден примерок на Афродита Анадиомена (ТФ-95-102), каде божицата е претставена гола, со дијадема на главата. Десната нога и е свиткана во колено, од левата страна се потпира на делфин, а со десната рака се потпира на столпче. Оваа теракота е датирана во 1 век.[173]

Како гробни прилози во гробните јами не изостануваат ниту стаклените предмети, сферични унгвентариуми (инв.бр. НУС-А-СТ-4073, 4074 и СТ-95-10) кај кои ободот е косо извлечен нагоре, вратот е цилиндричен, делумно проширен на преодот кон реципиентот, од кој е одделен без воопшто нагласен преод. Овие садови се среќаваат и во Скупи, а се датираат од 3 до 4 век.[174] Во гроб 1537 се пронајадени три стаклени тубуларни унгвентариуми (инв.бр. НУС-А-СТ-4088, 4089 и 4090). Тоа се унгвентариуми кај кои ободот е косо нагоре, асиметрично извлечен, вратот е проширен при коренот а од реципиентот е оделен со стеснување. Реципиентот е висок и тесен, крушковиден, речиси со иста ширина како вратот. Се среќаваат на некрополата во Скупи и се датирани од втора половина на 1 век до 2 век.[175] Како друг вид на стаклен гробен прилог го издвојуваме стаклените шишиња во две погребувања, гроб 1785 и 1537 (инв.бр. ST-95-83 и НУС-А-СТ-4091) датирани на некрополата во Скупи 2-3 век, според луцерна.[176]

Од накит во овој тип гробови е пронајдена една златна обетка со преплетени краеви, чести на некрополата во Стоби, но и на Исар Марвинци[177] (инв.бр. RN-95-172), датирана од 2 до 3 век.[178] Една коскена игла за коса во гроб 1461, со вретенасто тело и топчеста глава е чест гробен прилози на римските локалитети, а се датира од 2 до 3 век.[179]

---

[170] В. Петрушевска Петроска 2018, 98.
[171] До 2006 само 5 примероци.
[172] В. Петрушевска Петровска 2015, 116 сл 11.
[173] Municipium Stobensium, 1994, 48 сл. 224.
[174] Л. Поповска 2011, 251.
[175] Л. Поповска 2011, 91.
[176] Л. Поповска 2011, 253.
[177] В. Соколовска 1986, Т46.
[178] Municipium Stobensium, 1994, 31 сл. 89,90.
[179] Е. Николовска 2008, 265.

Накитот од овие погребувања можеме да ги заокружиме со една луковичеста железна фибула од гроб 1314 (за жал многу уништена), на која недостасува иглата а која се датира од 3 до 4 век[180] и едно бронзено огледало со кружна форма од гроб 1417. Ваквите огледала се датираат од 2.ри до крајот на 3.ти век во Стоби.[181]

Како особено редок наод ги издвојувам двата бронзени фулкруми од гроб 1456, едниот подобро сочуван, а другиот оштетен од горење речиси до непрепознатливост. Подобро сочуваниот фулкрум завршува со протом на коњ, извонредно реалистично изведен. Веројано покојникот легнат на своето раскошно клине бил изгорен на клада, а остатоци од неа биле подоцна положени во гробната јама. Според многу сличен наод од Пела, ова погребување можеме да го датираме во средината на 2.ри век п.н.е.[182], со што спаѓа во најстарите погребувања на Западната некропола.

---

[180] Municipium Stobensium, 1994, 61.
[181] М. Шурбаноска-Д. Здарвковски 1996, гроб 801; Municipium Stobensium, 1994, 61 сл. 341.
[182] M.Siganidou, M. Lililmpaki-Akamati, 1997, 49.








**Гроб 1148**

Гробни прилози:

длабока чинија (НУС-А-К-3410)

чаша  (К-95-21)

---

**Гроб 1155**

Гробни прилози: нема

Необјавен




---







**Гроб 1152**

Гробни прилози: нема

Необјавен










**Гроб 1159**

Гробни прилози:

3 стаклени унгвентариуми (НУС-А-СТ-4073, 4074) и (ST-95-10)

коскено копче/ нитна (RN-95-13)

Необјавен

---

**Гроб 1160**

Гробни прилози:

фраг. кер. чинија (К-95-047)

Необјавен






---









**Гроб 1161**

Гробни прилози: нема

Необјавен









**Гроб 1162**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---









**Гроб 1172**

Гробни прилози:

фраг. од мегарска чаша (К-95-031)

кер. унгвентариум (К-95-030)

2 амулети од коска (НУС-А-КП-4272, RN-95-9)

Необјавен

---







**Гроб 1173**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1179**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---











**Гроб 1181**

Гробни прилози:

длабока чинија (НУС-А-К-3412)

кер. чаша (К-95-026)

фраг. керамички сад (К-95-029)

фраг. кер. чинија (К-95-028)

луцерна (L-95-5)

Необјавен

---









**Гроб 1189**

Гробни прилози:

длабока чинија (НУС-А-К-3434)

Необјавен




**Гроб 1202**

Гробни прилози:

кер. чаша со една рачка  (К-95-164)

Необјавен

---










**Гроб 1203**

Гробни прилози:

вретенест унгвентариум (НУС-А-К-3421)

кер. чаша (НУС-А-К-3422)

фра. Бронзна фибула (RN-95-26)

ашици (RN-95-40)

Необјавен

---







**Гроб 1205**

Гробни прилози: нема

Необјавен









**Гроб 1219**

Гробни прилози:

Фраг. Кер. Сад (К-95-069)

Необјавен

---











**Гроб 1224**

Гробни прилози:

5 вретенести унгвентариуми (НУС-А-К-3430), (К-95-077, 078, 079, 076)

кер. шише (НУС-А-К-3431)

фраг. од сидонско стакло (ST-95-13)

Необјавен

---



**Гроб 1226**

Гробни прилози:

фра. кер. бокал (К-95-084)

луцерна (НУС-А-Л-3832)

Необјавен






**Гроб 1227**

Гробни прилози:

фра. кер. чаша (К-95-087)

амулет (RN-95-48)

Необјавен







---







**Гроб 1229**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---









**Гроб 1242**

Гробни прилози:

Керамичко шише (НУС-А-К-3439)

Необјавен







**Гроб 1250**

Гробни прилози: нема

Необјавен








**Гроб 1247**

Гробни прилози: нема

Необјавен

**Гроб 1301**

Гробни прилози:

керамичко шише (К-95-083)

вретенест унгвентариум (НУС-А-К-3463)

Необјавен








**Гроб 1266**

Гробни прилози:

вретенест фраг. унгвентариум (К-95-120)

фраг. кер. чинија (К-95-121)

лагинус (НУС-А-К-3461)

Необјавен

**Гроб 1314**

Гробни прилози:

железна луковичеста фибула  (РН-95-078)

Необјавен




---












**Гроб 1283**

Гробни прилози:

кер. чаша (НУС-А-К-3467)

чаша со една рачка (НУС-А-К-3467)

чаша со две рачки (НУС-А-К-3468)

фраг. чинија (К-95-144)

фарг. ојнохое (К-95-145)

Необјавен

---






**Гроб 1316**

Гробни прилози:

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3487)

Необјавен





**Гроб 1325**

Гробни прилози:

чаша со една рачка (НУС-А-К-3474)

фраг. кер. чинија (К-95-158)

Необјавен




**Гроб 1329**

Гробни прилози: нема

Необјавен







**Гроб 1371**

Гробни прилози: нема

Необјавен

**Гроб 1426**

Гробни прилози:

фраг. унгвентариум (К-95-252)

фраг.  амфориск (К-95-251)

Необјавен













**Гроб 1417**

Гробни прилози:

бронзено огледало (RN-95-124)

мала чаша  (НУС-А-К-3531)

мала длабока чинија (НУС-А-К-3532)

луцерна (НУС-А-Л-3879)

Необјавен







**Гроб 1451**

Гробни прилози: нема

Необјавен

**Гроб 1456**

Гробни прилози:

фраг. кер. унгвентариум (К-95-392)

бронзен фулкрум со протом од коњ на горниот крај (RN-95-125)

Необјавен









**Гроб 1490**

Гробни прилози:

лачна бронзена фибула (RN-95-150)

вретенест унгвентариум (НУС-А-К-3540)

Необјавен

---







**Гроб 1461**

Гробни прилози:

вретенест унгвентариум (НУС-А-К-3495)

чаша со една рачка (НУС-А-К-3496, 3497)

игла за коса со топчеста глава (НУС-А-КП-4277 )

фраг. коскени игли (RN-95-108, RN-95-109)

Објавен[183]









---





**Гроб 1633**

Гробни прилози:

луцерна (L-95-103)

чинија (К-95-370)

Необјавен

[183] Е. Николовска 2008, 249








**Гроб 1537**

Гробни прилози:

стаклени унгвентариуми (НУС-А-СТ-4088, 4089, 4090)

стаклено шише (НУС-А-СТ-4091)

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3613)

Необјавен

---

**Гроб 1587**

Гробни прилози:

фраг. коскена игла (RN-95-201)

Необјавен






---

**Гроб 1588**

Гробни прилози:

златна обетка (RN-95-172)

бронзена монета (M-95-236)

Објавен[184]

[184] Е. Николовска 2008, стр.248.




**Гроб 1629**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1651**

Гробни прилози:

птичја коска (RN-95-202)

вретенест унгвентариум (НУС-А-К-3616, 3617, 3618, 3619, 3620)

Необјавен



**Гроб 1689**

Гробни прилози:

тер. Афродита анадиомена (ТФ-95-102)

тер. телесфор со дете (TF-95-103, 104 и 22)

тер. жена што седи, хиеродула (TF-95-105, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15)

тер. ГЕА ја држи земјата (TF-95-116, 117 и 118)

тер. Афродита (TF-95-119, 20, и 21)

амор убива желка (ТФ-95-126)

жена жто седи на стол (TF-95-123)

тер. европа богинка

тер. Петел (TF-95-128)

Необјавен











**Гроб 1785**

Гробни прилози:

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3645, 3646, 3647, 3648, 3649, 3650, 3651, 3652, 3653, 3654, 3655, 3656, 3557, 3558, 3559)

стаклено шише (ST-95-83)

Необјавен

---





**Гроб 1806**

Гробни прилози:

стаклен булбус (ST-95-95)

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3694, 3695 и 3696)

Необјавен




---




**Гроб 1807**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---

**Гроб 1848**

Гробни прилози:

фраг. луцерна (Л-95-156)

Објавен[185]




185 Е. Николовска 2008, 256









**Гроб 1838**

Гробни прилози:

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3729, 3730,  3731)

Необјавен

---









**Гроб 1817**

Гробни прилози:

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3720, К-95-611)

вретенаст унгвентриум (К-95-602, 603, 604, 605, 606, 607, 608, 609, 610)

чаша со две рачки (К-95-600)

Необјавен

---




**Гроб 1217**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1237**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1251**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1322**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1290**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1390**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1399**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1463**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1626**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1699**

Гробни прилози: нема

Необјавен

### *3.2.1б Гробови со конструкција од хоризонтални поставени тегули*

На Западната некропола во Стоби во истражувањата од 1995 година се откриени вкупно 28 гробови од типот кремација со конструкција од хоризонтално поставени тегули.

Плитка елипсовидна или правоаголна јама се копала непосредно пред положување на остатоците на покојникот и гробните дарови. Кладата се распостилала низ целата површина на гробната јама, после горењето се затрупува со слој од земја, а потоа јамата се покрива со хоризонтално положени тегули или поретко камени плочи (гроб 1284), по должина на јамата.[186] Ретко се среќаавaат тегули поставени во форма на кутија, како што е примерот гроб 1534, кои се јавуваат само во текот на 1.ви век од н.е.[187] Понекогаш тегулите од покривната конструкција се дополнувале со кршени камења како зацврстување. Такви примери се гроб 1293 и 1784. Кога кремирањето се вршело на ustrinum или на некое друго место, а не во гробната јама, остатоците од кладата се собирале и се положувале во ладна или топла состојба во гробната јама. Покојниците најчесто гореле со нивните лични предмети, но поголем дел од гробните прилози не дошол во контакт со оганот.

Статистички, керамичките садови се најбројни предмети откриени во гробовите од сите фази на некрополата во Стоби.[188] Само во три погребувања (гроб 1274, 1495 и 1470) ги среќаваме мешестите керамички чаши со една држалка, кои се појавуваат од 1.ви век пр.н.е., а застапени се и подоцна во гробовите на Скупи,[189] Исар Марвинци,[190] Виминациум.[191] Друга група на предмети која се појавува во поголем број како гробен прилог се унгвентариуми-булбуси, со јајцевидно тело, висок тенок врат, пртенасто устие и рамно дно. Застапени се во повеќе погребувања на Стоби, во гробовите 1207 и 1794, датирани во 1 век,[192] додека во гроб 1293 е најден еден примерок на вретенест унгвентариум, карактеристичен за хелинистичкиот период. На некрополата во Исар Марвинци се датирани во прва половина на 2 век пр.н.е.,[193] а исти такви се среќаваат и во Стоби.[194] Во гробот 1244 пронајден е целосно сочуван гутус (инв.бр. НУС-А-К-3438), устата е кружна, а дното

---

[186] А. Јовановић 1984, 130.
[187] В. Р. Андерсон-Стојановиќ 2018, 63.
[188] В. Р. Андерсон-Стојановиќ 2018, 67, четириесет и шест гроба содржат најмалку еден керамички предмет.
[189] Л. Јовановска- Д. Михајлова 1999, сл. 23, 24, 25; Е. Николовска 2008, 258.
[190] В. Соколовска 1986, Т78.
[191] Љ. Зотовиќ-Ч. Јордановиќ 1990, T IX и T XIX.
[192] Municipium Stobensium, 1994, 33 сл. 102.
[193] В. Соколова 1986, 83. Т 18.
[194] Municipium Stobensium, 1994, 21 сл. 24, 25.

ниско, прстенасто, датиран во 1 век, присутни на некрополата во Стоби.[195] Втор гробен прилог е целосно сочуван лагинус со (инв.бр. НУС-А-Л-3836), со биконична форма, низок и широк стомак, вратот е долг а ободот е благо закосен. Според О. Брукнер оваја форма е импортирана од Италија и ја датира во втора половина на 1 век до средина на 2 век.[196]

Значајна група наоди се и луцерните кои се присутни во овој тип погребувања. Хронолошки и типолошки се делат во неколку групи. Луцерната од гробот 1187 (инв.бр. L-95-12) е датирана од доцен 1.ви век пр.н.е. до 1.ва половина на 1век н.е.[197] Во гроб 1293 (инв.бр. L-95-34) е пронајдена луцерна со два клуна но едниот клун е откршен, на дискот има престана на розета. Датирана е во 2.ри век.[198] Во гроб 1470 имаме луцерна со претстава на јарец, датирана во прва половина на 2.ри век[199] и во гроб 1825 (инв.бр. L-95-158) луцерна со претстава на вкрстени риби, датирана во доцен 2.ри и ран 3.ти век.[200]

Во гробот 1358 се пронајдени два конични стаклени унгвентариуми и еден тубуларен угвентариум, според наод од Скупи датиран во втората половина на 1.ви и ран 2.ри век.[201] Оваа слика се надополнува со бронзена монета на императорот Клаудиј (41-45) (инв.бр. М-95-106). Присутни се и други форми на стаклени предмети во погребувањата од 1995 година. Така од гроб 1259 имаме минијатурен стаклен примерок на сферичен унгвентариум, целосно сочуван. Оваа форма се среќава на некрополата во Скупи и е датиран во преодниот период од 2 кон 3 век.[202]

Како и во останати гробови со кремација, и во оваа гробна форма се среќаваат голем број теракотни фигурина со разни престави. Од гробот 1396 (инв.бр. НУС-А-ТФ-3919) потекнува теракотната фигурина на коњ на тркала. Претставата на коњ во стобскиот наод е декорирана со рељефно изведена опрема, како орнаментираната узда и околувратник, потоа отвори од двете страни на муцката за впрегнување на јажето или кожата и 4 дупки за осовините на тркалата. Тркалата се декорирани со зраци. В. Петрушевска за овој примерок и уште еден сличен на него од ископувањето во 1995 год (вон гробна конструкција), наоѓа сличности со еден коњ на тркала од Атинската Агора и е датиран од 1.ви до 2.ри век. Во хеленистичкиот

195 Municipium Stobensium, 1994, 34 сл. 110.
196 O Brukner 1981, 112, T 133.
197 А. Јакимовски 2012, 129.
198 А. Јакимовски 2012, 177.
199 А. Јакимовски 2012, 163.
200 А. Јакимовски 2012, 226.
201 Л. Поповска 2011, 168.
202 Л. Поповска 2011, 253.

период се појавува една нова продукција на вакви предмети со различна функција, а иста форма, но пронајдоците се ретки и најчесто во погребувања.[203] Теракота во форма на бик е пронајдена во гроб 1259. Тоа е најчест вид на животно кое се среќава меѓу фигурините на Стоби, датирано во 1.ви век.[204] Во коропластиката бројноста на ова животно било вообичаено и омилено за македонскиот простор во римско време, што го покажуваат наодите од Солун.[205] Во истотот погребување е приложена и теракотната претстава на Леда која седи на гуска, со десната рака ја придржува наметката, а левата е поставена на ногата. Датирана е во 1.ви век.[206] Имаме и четири претстави во теракота на Кибела(TF-95-6, 7, 8, 10), каде божицата е седната на масивен престол, со десната рака ја држи наметката на градите, а другата е спуштена покрај нозете.

Коскените прилози во оваа гробна форма се застапени со еден примерок на фурка од гроб 1470 (инв.бр. PH-95-116), откршена на горниот крај и оштетена на прстенестиот завршеток. Дршката е тордирана и од двете страни ограничена со по три пластично моделирани прстени. На горната страна има дел со конусна форма и пластичен прстен. На прстенестиот завршеток има мал триаглест додаток. Површината е мазна и полирана, предметот има бела боја како резултат од изложеност на оган.  Овој предмет е датиран од 1.ви до 3.ти век од н.е.[207] Како единствен гробен прилог ја издвојувам коскената лажица од гроб 1300 (инв.бр. НУС-А-КП-4276), која припаѓа на типот аптекарски или козметички лажици. Целата лажица има вретенаста рачка, која постепено се стеснува кон врвот (кој недостасува), а другиот крај преминува во плиток кружен реципиент. На рачката има декорација  со врежување во централниот дел. Според големината на коскената лажица може да биде дел од козметички или фармацевтски прибор. Слични вакви наоди се среќаваат и на некрополите на Скупи.[208]

---

[203] В. Петрушевска- Петроска 2015, 111-113.
[204] Municipium Stobensium, 1994, 27 сл. 67.
[205] В. Петрушевска- Петроска 2015, 114.
[206] Municipium Stobensium, 1994, 30 сл. 82.
[207] Z. Kovancaliev 2019, 119-131.
[208] Л. Јовановска 2017, 227 Т XII.









**Гроб 1186**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3826)

Необјавен

---










**Гроб 1187**



Гробни прилози:
луцерна (L-95-12)

кер. чаша со една рачка (К-95-064)

златни обетки (RN-95-19)

бронзена монета, нечитлива (М-95-031)

бронзена обетка (RN-95-18)

Необјавен

---









**Гроб 1274**

Гробни прилози:

кер. ојнохое  (НУС-А-К-3470)
кер. чаша со една рачка (НУС-А-К-3471)

фраг. кер. сад
(К-95-148)

Необјавен












**Гроб 1207**

Гробни прилози:

кер. булбус унгвентариум (НУС-А-К-3423, 3424, 3425, 3426, 3427, 3428, 3429)

фра. булбуси унгветариум (К-95-061, 062,063)

Необјавен

---






**Гроб 1234**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---






**Гроб 1137**

Гробни прилози:

Длабока чинија (К-95-8)

Необјавен















**Гроб 1244**

Гробни прилози:

лагинос (НУС-А-Л-3836)

фра. лагинос (К-95-089)

грне со капак (НУС-А-К-3437)

гутус (НУС-А-К-3438)

Необјавен

---













**Гроб 1258 и 1259**

Гробни прилози:

Тер. Фиг. Жена на престол (TF-95-6,7,8, 10

тер. афродита (TF-95-9)

жена на гуска (TF-95-11)

фраг. од теракотна фигурина (TF-95-12)

теракота бик (TF-95-13)

стаклено шише (ST-95-19)

пехар (НУС-А-К-3448)

Необјавен

















**Гроб 1284**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1291**

Гробни прилози: нема

Необјавен











**Гроб 1293**

Гробни прилози:

луцерна (L-95-34)

кер. булбус унгвентариум (К-95-098)

Необјавен








**Гроб 1300**

Гробни прилози:

коскена лажичка  (НУС-А-КП-4276)

Необјавен







**Гроб 1334**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1335**

Гробни прилози:

фраг.  коскена .игла за коса (RN-95-69)

Необјавен





**Гроб 1348**

Гробни прилози:

фраг. бронзено огледало (RN-95-137)

бронзен висулец (RN-95-84)

Необјавен

---







**Гроб 1349**

Гробни прилози:

бронзена монета, нечитлива
(M-95-101)

Необјавен

---







**Гроб 1385**

Гробни прилози:

бронзена монета (M-95-106)  Клаудие (41-45) CONSTANTIA AVGUSTV

стомна (К-95-170)

брозен стригил (RN-95-97)

бронзен сад (RN-95-98)

Необјавен

















**Гроб 1396**

Гробни прилози:

чаша со две рачки (НУС-А-К-3501)

тер. фиг. коњ со тркала (НУС-А-ТФ-3919)

Необјавен

---






**Гроб 1418**

Гробни прилози:

фраг. кер. чинија (К-95-201)

луцерна (L-95-48)

Необјавен

---




**Гроб 1495**

Гробни прилози:

фраг. кер. чаша со една рачка (К-95-316)

Необјавен


















**Гроб 1470**

Гробни прилози:

чаша со една рачка (НУС-А-К-3498)

коскена фурка (НУС-А-КП-4279)

фраг. игла за шиење (RN-95-117)

фраг. чинија (К-95-208)

луцерна (НУС-А-Л-3846)

теракота Афродита (TF-95-50, 51)

Необјавен

---




**Гроб 1521**

Гробни прилози:

2 фраг. кер. чинии (К-95-398, 399)

Необјавен





**Гроб 1561**

Гробни прилози:

мало садче (НУС-А-К-3580)

Необјавен








**Гроб 1668**

Гробни прилози:

длабока чинија (НУС-А-К-3590)

плитка чинија (НУС-А-К-3590)

Необјавен



**Гроб 1709**

Гробни прилози: нема

Необјавен

**Гроб 1534**

Гробни прилози: нема

Необјавен










**Гроб 1794**

Гробни прилози:

10 кер. булбус унгвентариум

(НУС-А-К-3671, 3672, 3673, 3774, 3675, 3676, 3678, 3679, 3680, 3681)

Необјавен






**Гроб 1825**

Гробни прилози:

фраг. кер. луцерна (L-95-158)

фраг. плитка чинија (К-95-622)

длабока чинија (К-95-620)

фарг. кер. чаша(К-95-621)

Необјавен







**Гроб 1319**

Гробни прилози:

бронзена монета (М-95-214)

Необјавен







**Гроб 1270**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---










**Гроб 1271**

Гробни прилози:

чаша (НУС-А-К-3465)

плитка чинија (НУС-А-К-3466)

Необјавен

### *3.2.1в Гробни конструкции цисти*

Како и во гробниот ритус инхумација, во типолошката рапределба на гробовите со кремирани покојници на Западната некропола во Стоби, ја издојуваме групата на гробови - цисти. Без двоумење можеме да кажеме дека овој тип на гробни конструкции се и најрепрезентативните гробови со кремација. Поради начинот на изведување и видот на градежен материјал, овие гробови можеме да ги поделиме во неколку подгрупи, односно типови, идентично како кај инхумациите:

**Тип I** - Гробови во облик на правоаголна циста, каде што ѕидовите на гробната јама се изѕидани од тули, во повеќе редови. Како врзивно средство се користи малтер. Во овој тип гробови спаѓаат гробовите под број: 1792, 1555, 1805 и 1402. Овие гробови се покриени со хоризонтално поставени тегули или поголеми камени плочи, кои можат да бидат меѓусебе поврзани со малтер.

Иако имаат значително поскапа и пословена гробна конструкција, според гробните прилози се слични со претходните гробни форми. Во погребувањето во гроб 1402 како гробен прилог е пронајдено фрагментирано коскено вретено со коскен пршлен (инв.бр. РН-95-121/2). Пршленот е оштетен на неколку места од работ. Долната страна е конвексна, а горната конкавна. И од двете страни има по два концентрични жлеба, а од конкавната страна околу перфорацијата има благо испупчување. Површината е мазнета, меѓутоа доста распукана во повеќе пластови. Датирана од 1.ви до 4.ти век од н.е.[209] Од коскеното вретено (инв.бр. РН-95-121/1), сочуван е горниот крај кој започнува со елипсовиден дел, по кој следи биконичен дел со повеќе пластични прстени од надворешната страна. Од долната страна има плитка дупка која служела за прицврстување со останатиот дел од вретеното. И овој предмет има повеќевековна примена, па се датира широко, од 1.ви до 4.ти век од н.е.[210] Покрај овие коскени предмети пронјадени се две коскени фрагментирани игли за коса во гроб 1555. Двете игли се со вретенасто тело, кружен пресек и кружна глава, а главно се датираат од 2.ри до 3.ти век.[211] Како и во останатите гробни конструкции, така и во овие, се застапени керамичките луцерни. Во гроб 1555 е најдена целосно сочувана луцерна со мало оштетување на дискот (инв.бр. L-95-86), сива по боја на печење. Дискот е украсен со зрачест орнамент, а рамото украсено со орнаменти на винова лоза. Овој тип луцерни се датирани од 3.ти до 4.ти век.[212]

[209] Z. Kovancaliev 2019, 119-131.
[210] Z. Kovancaliev 2019, 119-131.
[211] М. Шурбаноска-Д. Здравковски 1996, 110.
[212] А. Јакимовски 2012, 261.

Фрагментиранаta луцерна од гроб 1805 (инв.бр. L-95-159) датирана во прва половина на 2 век[213] е со претстава на школка. Луцерна во вид на шишарка е пронајдена во гроб 1792 (инв.бр. НУС-А-Л-3885). Станува збор за целосно сочувана луцерна од овој тип. Изработена е од фино прочистена глина со пластична декорација на крлушки од шишарката. Анологии за овој тип на луцерна имаме помеѓу панонските светилки и истата може да се датира во 2.ри век.[214] Луцерната премачкана со кафен премаз од гроб 1471 (инв.бр. L-95-63)е со прстен кој ги дели дискот и рамото. Рамото и клунот се украсено со гранули, а датирана е во средината на 1.ви век и раните години на 2.ри век.[215]

Во гроб 1471 (НУС-А-К-3535 и К-95-261) од керамички материјал се пронајадени две чаши. Како и во останатите гробни конструкции, така и во овие, како гробен прилог се застапени керамички мешести чаши со една и две држалка. Како што веќе споменав, се појавуваат од 1.ви век а се застапени и подоцна, до 3.ти век.[216] Исти такви се среќавааат на некрополата во Стоби,[217] Скупи,[218] Исар Марвинци,[219] Виминациум.[220] Длабокиот сад со две рачки од гроб 1792 (НУС-А-К-3669), според О. Букнер претставува сад од локално производство, од 2.ри до 3.ти век.[221]

**Тип II** – Гробови во облик на правоаголна циста, каде што ѕидовите на гробната јама се изѕидани од делкани камења, некои од сите страни, а некои само од внатрешната страна. Како врзивно средство помеѓу камењата се користи варов малтер. Во овој тип гробови спаѓаат гробовите под број: 1550, 1551, 1432, 1548, 1773, 1746 и 1774. Кај гробот 1773 како затварање на гробната јама се користени кршени камења кои формираат пратформа од камења поврзана со варов малтер. Кај гроб 1746 гробната јама е изѕидана од камења, а покривањето на остатоците од кремираниот покојник во внатрешноста на јамата е извршено со тегули поставени во вид на кров на две води. Конструкцијата од тегули не ја надвишува конструкцијата на јамата изѕидана од камен. Во гроб 1548 од керамички материјал пронајдени се три керамички чинии, кои се среќавaати на Исар Марвинци[222] О. Брукнер овој тип на керамички чинии ги става во хронолошка рамка од 2.ри до средината на 3.ти век.[223] Од истото

---

[213] А. Јакимовски 2012, 199.
[214] А. Јакимовски 2012, 303.
[215] А. Јакимовски 2012, 148.
[216] Е. Николова 2008, 258.
[217] Municipium Stobensium, 1994, 50.
[218] Л. Јовановска-Д. Михаилова 1999, сл. 23, 24, 25.
[219] В. Соколова 1986, гроб 21 Т-78.
[220] Љ. Зотовиќ-Ч. Јордановиќ 1990, Т. IX, сл. 6,7.
[221] O. Brukner 1981, 41 T 104/8, 7a.
[222] В. Соколовска 1986, 121, Т80.
[223] O. Brukner 1981, 93, T80.

погребување потекнува и  еден топчест сад на ниско прстенесто дно (инв.бр. НУС-А-К-3542) Сад од истиот тип е откриен на Виминациум и е датиран во 2.ри век.[224] Неколку луцерни пронајдени во овој тип на погребување се од  гробовите 1773 и 1774. Луцерната од гроб 1774 има поголемо оштетување на дискот и не е возможно да се протолкува преставата на самата луцерна, но датирана е во 3.ти и 4.ти век.[225] Луцерна со претства на содомија, на рамото украсена со орнамент на рибина коска потекнува од гроб 1773 (инв.бр. L-95-135). Таа е датирана во втората половина на 3.ти век и ран 4 век. Една коскена игла за шиење е пронајдена во гроб 1746 (инв.бр. PH-95-246). Тоа е обична игла за шиење со откршен врв. Главата завршува рамно, има едно долго елипсовидно уво и тело со елипсовиден пресек, а телото е искривено бидејки било изложено на оган. Површината е мазна. Овие игли се јавуваат од средината на 1.ви век.[226]

Од овој тип на гробни кострукции со изѕидана јама од камења ќе го издоиме гробот 1774, со добро сочуван бронзен стригил (инв.бр. НУС-А-PH-4014). Преку примероци од Стоби и Дукља се врзуваат за 2.ри век и првите децениии на 3.ти век.[227]

**Тип III** - Гробови градени од правилно изделкани камени блокови и плочи од лапорец, така што подолгите страни се оформени од една вертикално поставена плоча, како и потесните страни. На тој начин се формира правоаголна конструкција, без употреба на врзивно средство. Во овој тип спаѓаат гробовите под број: 1486, 1501, 1547, 1245. Овие гробови се покриени со хоризонтално поставени тегули.

Шест керамички булбуси- унвентариуми пронајдени во гроб 1547  се со извлечен рамен венец, цилиндричен врат, топчесто тело и рамно дно. Присутни се на некрополите во Исар Марвинци[228] и Стоби и се датирани во 3.ти век.[229]

[224] Љ. Зотовиħ-Ч. Јордановиħ 1990, 101 Т. XXXV, G-204.
[225] А. Јакимовски 2012, 245.
[226] Z. Kovancaliev 2016, 55-74.
[227] Е. Николова 2008, 265.
[228] В. Соколовска 1986, Т80.
[229] Municipium Stobensium, 1994, 53, сл.258.





**Гроб 1245**

Гробни прилози:

бронзена монета (М-95-039)

Необјавен)







**Гроб 1402**

Гробни прилози:

бронзено огледало (НУС-А-РН-4012

коскен пршлен (РН-95-121/2)

фраг. коскено вретено (РН -95-121/1)

бронзена игла/шпатула (RN-95-144)

Необјавен




**Гроб 1432**

Гробни прилози:

луцерна (L-95-51)

амулет (РН-95-101)

коскен приврзок (РН-95-102)

Објавен[230]

[230] Е. Николовска 2008, 248.











**Гроб 1471**

Гробни прилози:

луцерна (L-95-51)

2 кер. чашИ со една рачка (НУС-А-К-3535) И (К-95-261)
бронзен фраг. стригил (RN-95-261)

Необјавен

---









**Гроб 1486**

Гробни прилози:

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3545)

Необјавен

---




**Гроб 1501**

Гробни прилози:

фраг. кер. чинија (К-95-376)

Необјавен






**Гроб 1547**

Гробни прилози:

6 булбуи унгвентариуми (НУС-А-К-3556, 3557, 3558, 3559, 3560, 3561)

минијатурно садче (НУС-А-К-3562)

Објавен[231]

---

**Гроб 1548**

Гробни прилози:

чаша (НУС-А-К-3542)

длабока чинија (НУС-А-К-3543)

фраг. плитка чинија (К-95-274)

Необјавен






---






**Гроб 1550**

Гробни прилози:

3 кер. булбуси (НУС-А-К-3546, 3547, К-95-285)

фраг. кер. сад (К-95-286)

Необјавен

---




**Гроб 1555**

Гробни прилози:

луцерна (L-95-86)

2 фраг. коскени игли за коса (RN-95-193, 194)

Необјавен

[231] Е. Николовска 2008, 250.




**Гроб 1805**

Гробни прилози:

фраг. луцерна (L-95-159)

фраг. стаклен сад (ST-95-97)

Необјавен

---








**Гроб 1746**

Гробни прилози:

чаша со една рачка (НУС-А-К-3634)

фраг. кер. сад (К-95-449)

коскени игли за коса (НУС-А-КП-4285)

игла за шиење (PH-95-246)

Необјавен

---






**Гроб 1773**

Гробни прилози:

фраг. чаша со една рачка (НУС-А-К-3634)

луцерна (L-95-135)

Необјавен





**Гроб 1774**

Гробни прилози:

фраг. чаша со една рачка (К-95-460)

грне (НУС-А-К-3636)
фраг. Керамички сад (К-95-459)

длабока чинија (НУС-А-К-3637)
обработен камен (RN-95-265)

бронзен стригил (НУС-А-РН-4014 )

луцерна (L-95-130)

бронзена шпатула (RN-95-263)

Необјавен











---








**Гроб 1792**

Гробни прилози:

грне (НУС-А-К-3669)

2 фраг. коскени игли (RN-95-269, 268)

луцерна (НУС-А-Л-3885)

Необјавен

### *3.2.1г Погребување во урни*

Иако на Западната некропола мошне ретко се среќава депонирање на изгорените остатоци во урна во однос на целата некропола, тоа е карактеристичен римски обичај. Ретката примена на овој гробна форма на територија во Македонија не дозволува припишување на конкретна ето-културна група, туку сметам дека се работи за надворешно донесен гробен облик кој не бил прифатен од автохтоното население.

При одредување на етно-културна група на дел од гробовите во урна од Горна Мезија, се смета дека припаѓаат на римската фунерарна структура. Урните во ваквите гробови се со римски карактеристики. Според идеалната реконструкција урните и нивните капаци се работени на витло. Содржината во самите урни се состои од внимателно собрани остатоци од покојникот, стаклени и керамички садови, монета. Во нашата литература гробовите во урна се третираат како типично римска фунерарна практика . [232]

Како ретка гробна конструкција на Западната некропола во Стоби ќе го издвоиме погребувањето во Гроб 1786, каде имаме погребување во оловна урна (инв.бр. RN-95-296). Урната е положена во јама без никаква гробна конструкција. Единствен претходен пример од овој тип во Македонија е откриен во далечната 1967 година во Скупи. Проф. д-р. И. Микулчиќ ја датирал во крајот на 1.ви век и почетокот на 2.ри век.[233] Во стобскиот случај се работи за оловна урна со капак. Од гробни прилози во гробот со оловната урна во Стоби е пронајден еден керамички унгвентариум и еден стаклен, делумно деформиран тубуларен унгвентарим (инв.бр. НУС-А-СТ-4103). Ободот е косо нагоре извлечен, вратот цилиндричен, јасно одвоен од реципиентот со нагласено стеснување. Оваа форма на стаклени садови во Скупи е датирана од 1.ви до ран 2.ри век.[234]

Други три примери на погребување во урна среќаваме во гробовите 1753, 1601 и 1480 . Во овие случаи урните се положени во гробна конструкција од типот конструкција на кров на две води.

Гробната јама на гробот 1753 од запад и исток е фланкирана со фрагментирани тегули. Во овој гроб се положени две урни. Измиениот остеолошкиот материјал е собран во керамичка урна со две хоризонтално

[232] А. Јовановић 1984, 118.
[233] А. Јовановић 1984, 120.
[234] Л. Поповска 2011, 210.

поставени рачки[235] (инв.бр. НУС-А-К-3668). На горниот дел од реципиентот садот е броновидно украсен со посна окер боја. Ваков тип на урна е откриен на истата некропола во Стоби во истражувањата од 1992 година и е датирана од 1 до 2 век.[236] Во урната во гроб 1753 е пронајден и мал стаклен сферичен унгвентариум (инв.бр. НУС-А-СТ-4106). Изработен е во техника на слободно дување, ободот е хоризонтално извлечен и преклопен на надворешна страна, вратот е краток и цилиндричен и преминува во нагласен топчест реципиент. Овој тип на стаклен сферичен унгвентариум е пронајден и на локалитетот Скупи, а е датиран во раниот 3.ти век.[237] Покрај оваа урна е поставена керамички сад (урна?) со капак (инв.бр. НУС-А-К-3667). Со право истражувачот го има објавено како грне за оставање на храна,[238] бидејки внатре не е пронајден никаков остеолошки материјал. Покрај керамичките урни биле положени три керамички луковичести унгвентариуми. Голем број вакви унгвентариуми се откриени во ранoримските гробови во Стоби,[239] Исар Марвици, а датирани се од 1 век до 2 век.[240] Во овој гроб како гробен дар покрај урните се пронајдени и мал керамички сад со две држалки (инв.бр. НУС-А-К-3666) и два стаклени унгвентариуми кои се целосно издеформирани.

Иако е доста оштетен, од техничката документација сепак може да се согледа конструкцијата на гробот 1601. Во овој гроб со конструкција на кров на две води е поставена и керамичка цевка, изливник за либација. Ова ни е единствен случај кај погребувањата со урна во кој среќаваме добро сочувана глинена цевка за либација, преку која на покојникот на покојникот му се приложувала течност и цврста храна. Функцијата на урна во овој гроб ја има керамички сад чија форма не може да се реконструира поради големото оштетување (инв.бр. К-95-395), а приложена е и една керамичка чаша со една рачка (инв.бр. К-95-405). Оваа форма на чаши се среќава низ целата некропола и е датирана во 2 век.[241]

Кај гроб 1480 конструкцијата е растурена, најверојатно од градежна механизација, но јасно е видлива конструкцијата на две води. Во овој гроб функцијата на урна ја има фрагментиран керамички сад, широка чаша со две рачки, кој бил искористен за собирање на скромниот остеолошки материјал (инв.бр. НУС-А-К3548). Садот е со две вертикални држалки и заоблен венец, а датиран е во 3 век

---

[235] Дневник 197, стр, 89, НКЦ 1995.
[236] Municipium Stobensium 1994,40 sl 158.
[237] Л. Поповска 2011, 255.
[238] Е. Николовска 2008, 252.
[239] Municipium Stobensium 1994, 33 sl 104.
[240] В. Соколова 1986, 121 Т50 сл. 5 и 6.
[241] Municipium Stobensium 1994, 44.

како со аналогни  гробни прилози од ископувањата од 1994 година.[242]  Поради разрушувањето на гробната конструкција фрагментите од садот и остаолошкиот материјал се расфрлени по самото дно на гробната конструкцијата.

Погребувањето во урна на гроб 1395 е типичен школски пример за погребување во гробна јама без конструкција. Во кружна јама централно е положена урна со капак во вид на цедалка (инв.бр. К-95-235Б). Како двојно затварање врз цедалката е поставена камена плочка. Урната (инв.бр. НУС-А-К-3520) има конусна форма, рамен венец и ниско дно. Помеѓу двете рачки е нанесен разреден фирниз. Оваа форма на керамичка урна е забележана во претходните истражувања во Стоби и е датирана од 1 до 2 век.[243] Како гробен прилог во самата урна е пронајден сребрен прстен со гема (инв.бр.РН-95-129), многу оштетен од горење, така што не може да се извлече заклучок за негово датирање.

Гроб 1411 припаѓа на типот циста од четири камени плочи, во која остеолошките остатоци се собрани во два керамички сада. Измиениот остеолошки материјал е собран во керамичка уран со капак (инв.бр. НУС-А-К-3537), а како капак е употребена чинија со вертикални ѕидови и рамен обод и остар премин кон коничниот дел, со прстенасто дно. Печењето е окерасто и премачкана е со црвен фирниз. Според О. Брукнер оваа форма на садови  се датира во прва половина на 1 век,[244] а во некрополата во Стоби се среќаваат и во контекст на 2 век.[245] До керамичката урна е поставена длабока керамичка чинија со елипсовидна форма и хоризонтално поставени рачки, која послужила за полагање на остатокот на остаолошкиот маеријал кој не е измиен (инв.бр. НУС-А-К-3536). Во самиот сад е најден минијатурен стаклен унгвентариум, познат како сферичен унгвентариум (инв.бр. НУС-А-СТ-4087) датиран во ран 3 век во Скупи.[246] На  дното од чинијата се најдени остатоци од остаолошки материјал но и голема количина на клинци. Според истражувачот спалувањето на покојникот се извршило во самата јама.[247]

Во гробна јама со кружна форма и венец од аморфни камења како гробно обележје, е погребувањето со број 1777. Во централниот дел на јамата е поставена урна која од двете страни е затворена со по една тегула. Керамичката урна без капак (инв.бр. НУС-А-К-3644) е од ист тип како во гроб 1395. Во неа се собрани остатоци од кремираниот покојник, а како гробен прилог е откриен стаклен унгвентариум

[242] Municipium Stobensium 1994, 49.
[243] Municipium Stobensium 1994, 40.
[244] O. Brukner 1981, 89 tip 8.
[245] Municipium Stobensium 1994, 41.
[246] Л. Поповска 2011, 255.
[247] НКЦ 1995,  Дневник 180 стр. 49.

(инв.бр. НУС-А-СТ-4102). Овој сферичен унгвентариум на Источната некропола во Скупи е датиран во средината на 1.ви век според монета од Нерон.[248]

Погребувањата во гроб 1603 и 1779 се доста девастирани па од таа причина не можеме да ја утврдиме нивната конструкција Показател за тоа ни се фрагментираната керамичка урна од гроб 1779 (инв.бр. К-95-483) и фрагментираната керамичка урна од гроб 1603, на која недостасува долниот дел од садот (инв.бр. К-95-367). Тоа е урна со топчесто тело и хоризонтално извлечен венец со две куси држалки. Идентично погребување со иста форма на урна е откриено во 1994 година и е датирано во 2 век.[249] Во урната е пронајдена кружна мермерна алка (инв.бр. РН-95-226), како гробен дар.

И гроб 1166 веројтно припаѓа  во оваа група погребување. Се работи за правоаголна јама во која е поставена керамичката урна (инв.бр. НУС-А-К-3529). Поради недостаток на доволно информации не можеме ништо друго да кажеме.

---

[248] Л. Поповска 2011, 184.
[249] Municipium Stobensium 1994, 49 сл.235.









**Гроб 1395**

Гробни прилози:

керамичка урна (НУС-А-К-3520)

сребрен прстен (РН-95-129)

Необјавен

---










**Гроб 1411**

Гробни прилози:

керамичка урна со капак (НУС-А-К-3537)

керамичка урна - чинија (НУС-А-К-3536)

Стаклен унгвентариум (НУС-А-СТ-4087)

Необјавен

---








**Гроб 1603**

Гробни прилози:

керамичка урна (К-95-367)

мермерна алка (РН-95-226)

Необјавен










**Гроб 1480**

Гробни прилози:

чаша со две рачки (НУС-А-К-3548)

Необјавен

---





**Гроб 1601**

Гробни прилози:

фраг. керамичка урна (К-95-395)

чаша со една рачка (К-95-405)

Необјавен

---







**Гроб 1786**

Гробни прилози:

оловна урна со капак (RN-95-296)

стаклен унгвентариум

(НУС-А-СТ-4103)

кер. унгвентариум (К-95-589)

Необјавен










**Гроб 1777**

Гробни прилози:

кер. урна  (НУС-А-К-3644)

стаклен унгвентариум (НУС-А-СТ-4102)

Необјавен

---

















**Гроб 1753**

Гробни прилози:

кер. урна 1 со капак  (НУС-А-К-3667)

кер. урна 2 со капак  (НУС-А-К-3668)

чаша со две рачки (НУС-А-К-3666)

стаклен унгвентариум (НУС-А-СТ-4106)

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3663, 3664, 3665)

Необјавен















**Гроб 1779**

Гробни прилози:

фраг. кер. урна (К-95-483)

Необјавен

---








**Гроб 1466**

Гробни прилози:

длабок сад - урна (НУС-А-К-3529)

фраг. вретенест унгвентариум (К-95-249)

Необјавен

### *3.2.1д Гробови со конструкција во вид на кров на две води*

Овој тип на гробови А. Јовановиќ ги класифицира во типот Мала Копашница-Сасе, варијанта 1.[250] Основен материјал од кој се направени гробните конструкции во вид на кров на две води во Стоби се рамни или лаконски тегули, понекогаш поврзани меѓу себе со имбрекси. На тој начин се формира конструкција на ‘’куќа,,. Овој тип на гробна конструкција е најчест во Стоби и досега се откриени стотици вакви гробови. Само во истражувашката кампања од 1995 год. се откриени 115 вакви гробови. Освен во Стоби,[251] тие се среќаваат на поширокиот простор на Источен Балкан, а особено често во Скупи,[252] Виминациум.[253]

Основата на овој тип гробови е елипсовидна или правоаголна јама. Многу често кај овие гробни конструкции се јавува дополнително прицврстување. Тегулите се потпираат по должина, а потесните страни се затвараат со хоризонтално поставени тегули или камени плочи. Само една гробна конструкција се издвојува со својата значително пословена конструкција. Тоа е гроб 1263, каде имаме ѕидана гробна јама покриена со тегули во вид на кров на две води. Во девет погребувања (гроб 1568, 1662, 2054, 1388, 1560, 1440, 1175, 1606 и 1661) среќаваме тубус (изливник) за либација како средство за примање на течни дарови од живите. Од гробни дарови во овој тип на конструкција во пет погребувања се јавуваат теракотните фигурини (гроб 1285, 1689, 1789, 1793 и 1661). Претставата на Телесфор со дете е присутна во гровобите 1689, 1285 и 1789, и тоа е честа претстава на некрополата во Стоби. Телесфор е претставен фронтално, со вообичаената наметка со качулка, а покрај него од десната страна стои дете. Овие фигурини ја симболизираат заштитничката улога на божеството кон децата во текот на животот, но и потоа. Слични фигурини се најдени во раноримските погребувања во Амфиполис и Тесалоника, датирани во 1. век од н.е.[254] Како гробни дарови ги среќаваме и претставите на бик. Дури единаесет теракоти во гробот 1285 и три во гроб 1789, се претстави на бик во стоечка положба. Освен на некрополата во Стоби,[255] уште ги среќаваме на лок. Исар Мрвинци, Солун (Тесалоники),[256] и други локалитети во источен Балкан. Животинските престави се вообичаени гробни дарови во детските погребувања во

[250] А. Јовановић 1984, 101.
[251] М. Шурбаноска-Д. Здравковски 1996, 91-112, гроб 620, 669, 754 и т.н.
[252] А. Јованович 1984, 101.
[253] Љ. Зотовић-Ч. Јордовић 1990.
[254] В. Петрушевска-Петроска 2018, 98.
[255] Municipium Stobensium 1994, 27.
[256] В. Соколовска 1986, Т35; Wiseman-Mano Zisi 1974, sl. 24.

августовскиот период.[257] Тука треба да се спомене и една гола седечка пресвата на Хиеродула во гроб 1789 (инв.бр. НУС-А-ТФ-3846). Тие ни се познати пред се од храмовите на Блискиот Исток,[258] а датирани се од 1 век п.н.е до 1 век н.е..[259] Во гроб 1285 имаме три теракотни фигурини со претстава на Ерос на лав, датирани во 1 век, кои засега се уникатни, без идентични аналогии во античкиот свет, единствени преставници во богатата палета на типови на фигурини посветени на Дионис.[260] Во гроб 1793 имаме по два примероци на теракотни фигурини на Афродита и Кибела, датирани во 1.ви век.[261]

Како поголема група на предмети кои се јавуваат во овие гробни конструкции, ги издвојуваме унгвентариумите. Вретенастите унгвентариуми ги среќаваме во две погребувања, гроб 1230 и 1631. Тоа се вретенести издолжени садчиња карактеристични по својата форма за подоцнежниот хеленистички период. Оваа форма на унгвентариуми се среќава на некрополата во Стоби, [262] Исар Марвинци и се датирани во првата половина на 2 век пр.н.е..[263] Според В. Андерсон луковичестите унгвентариуми со топчесто тело, унгвентариумите тип “P“, датирани во 1 и 2 век, [264]се застапени во гробовите 1230, 1286, 1392, 1672, 1689, 1734, 1789, 1793 и 1729. Само во гроб 1819 имаме унгвентариуми од типот “F“ според поделбата на В. Андерсон, кои се наоѓаат во многу погребувања на Западната некропола во Стоби [265] но и на некрополата на Исар Марвинци.[266]

Како втора поголема група на гробни дарови се среќаваат керамичките луцерните, кои се застапени скоро во секое погребување. Така во гроб 1277 (инв.бр. НУС-А-Л-3835) луцерна со претстава на Дионис и Сатир помеѓу флорални мотиви на лоза, датирана во прва половина на 2 век.[267] Во гроб 1292 имаме целосно сочувана луцерна (инв.бр. НУС-А-Л-3837), која на рамото од двете страни има проширување, реминисценција на металните луцерни, а истата е датирана во втора половина на 1 век.[268] Претстава на розета на дискот имаме на луцерната од гроб 1296 (НУС-А-Л-

[257] С. Блажевска – Г. Павловски 2018, 26.
[258] И. Микулчиќ 2003, 52.
[259] Municipium Stobensium, 1994, 23 сл. 37.
[260] В. Петрушевска, 26.
[261] Municipium Stobensium, 1994, 28 сл. 74-81.
[262] Municipium Stobensium, 1994, 21 сл. 24,25.
[263] В. Соколовска 1986, Т18, 16, 17.
[264] V. Anderson-Stojanovic 1992.
[265] V. Anderson-Stojanovic 1992, 85 сл. 591, 592.
[266] В. Соколовска 1986, Т50.
[267] А. Јакимовски 2012, 202.
[268] А. Јакимовски 2012, 145.

3834), датирана во првата половина на 2 век,[269] додека во гроб 1421 имаме луцерна датирана од доцен 2.ри до ран 3.ти век, со престава на птица на самиот диск.[270] Целосно сочувана луцерна е пронајдена во гроб 1355 (инв.бр. НУС-А-Л-3849), која на дискот има престава на Ерос со флејта. На дното има натпис кој неможе да се прочита поради излитеност, а истата е датирана во втора половина на 3.ти и ран 4.ти век.[271] Во гроб 1439 како единствен гробен прилог имаме луцерна (инв.бр.НУС-А-Л-3851) со претстава на четирилисна розета на самиот диск, и е датирана во првата половина на 2.ри век.[272] Во доцен 1.ви век пр.н.е и прва половина на 1.ви век н.е. е датирана луцерната од гроб 1454 (инв.бр. НУС-А-Л-3855). Од гроб 1458 е луцерната со претстава на Ерос со крилја и наметка, кој држи предмет во десната рака, а во левата рака држи жртвеник со пламен. На дното има натпис АКЕРСОY, датирана во средина на 3 век.[273] Во две погребувања се приложени по две луцерни како гробен дар, и тоа во гроб 1536 луцерната со инв.бр. L-95-73 датирана во доцен 2.ри век и ран 3.ти век со претстава на вкрстени риби,[274] а втората луцерна (инв.бр. L-95-74) од истиот гроб е со претстава на Херакле со боздоган и е датирана во првата половина на 2 век.[275] Вториот случај на редок гробен дар на луцерна е во гроб 1735, и истата е датирана во втора половина на 3.ти и ран 4.ти век.[276] Во гроб 1726 е пронајдена целосно сочувана луцерна (инв.бр. НУС-А-Л-3881), која на дискот има човечка претстава повеѓу два елена. Тој има раширени раце така што образува крст, а според проф. д-р. А. Јакимовски можна е претстава на Исус Христос, што симболизира рано христијанство, или е претстава на Артемида Ефеска, датирана во доцен 3 и ран 4 век.[277] Во гробот 1509 пронајдена е луцерна која е забележана само на некрополата во Стоби (инв.бр. НУС-А-Л-3852). Станува збор за особено ретка форма на луцерни. Тоа е луцерна со девет клуна која има оштетување по телото, а според клунот и рачката е датирана во 2 и 3 век.[278]

Како и во останатите гробни конструкции, така и во гробовите со конструкција од тегули во вид на кров на две води, се застапени мешестите керамички чаши со една држалка во гробовите 1180, 1263, 1235, 1288, 1296, 1356, 1446, 1462, 1484, 1500, 1499, 1508, 1509, 1637, 1672 и 1745. Тие се појавуваат од 1.ви век пр.н.е., а застапени

---

[269] А. Јакимовски 2012, 202.
[270] А. Јакимовски 2012, 221.
[271] А. Јакимовски 2012, 231.
[272] А. Јакимовски 2012, 160.
[273] А. Јакимовски 2012, 231.
[274] А. Јакимовски 2012, 226.
[275] А. Јакимовски 2012, 201.
[276] А. Јакимовски 2012, 232.
[277] А. Јакимовски 2012, 238.
[278] А. Јакимовски 2012, 179.

се и подоцна во гробовите на Скупи,[279] Исар Марвинци.[280]. Во истажувањата од 1995 година може да се забележи дека во гробовите од типот кров на две води како гробен прилог се приложуваат дури и по две мешести чаши, а таа слика не се пресликува во останатите типови на гробни конструкции.

Друга грчарија која што релативно често се среќава се чиниите, различни по големина и длабочина, со рамно или престенасто дно. Ќе издвоиме неколку типови кој се најрепрезентативни: во гробовите 1288, 1364 и 1567 пронајдени се длабоки чиниии украсени со релјефни или печатени орнаменти, со биконична форма,а ободот е рамен, благо закосен, со хоризонтални влабнувања и прстенасто дно. Според О. Брукнер оваа форма е датирана од 2.ри до 3.ти век,[281] додека дел од истражувачите кој работеле на локалитет Стоби ја датираат во 3-4.ти век, сметаат дека се работи за локално производство и преставува имитација на teraa sigillata.[282] Длабоки чинии, варијанта на класична форма се пронајдени во гробовите 1346 и 1355. Тие имаат сферично тело, ободот е косо извлечен кон долу и има завиен раб и прстенасто дно, а се датирани во крај на 1.ви почеток на 2.ри век.[283]

Како чест гробен прилог во гробните конструкции на две води се и стаклените предмети. Како единствен примерок на стаклен предмет ќе се издвои стакленото шише (инв.бр. НУС-А-СТ-4077) во гроб 1235. Станува збор за унгвентариуми со топчесто тело кое има четири кружни вдлабнуваања од сите страни, поради што неговиот пресек добива квадратна форма. Овие садови не се често застапени во римскиот свет, а се датирани во 3.ти век и првата половина на 4.ти век. Ваков форма е откриена на некрополата во Скупи со монета на Клаудиј I.[284] Еден примерок на стаклен коничен унгвентариум како гробен прилог е пронајден во гроб 1333 (инв.бр. НУС-А-СТ-4080) Ваквите садови од Скупи се датирани од прва половина на 1 век до прва половина на 2 век.[285] Во гроб 1680 пронајдено е шише со коничен реципиент, а аналогии за истото имаме на некрополата во Скупи и истото е датирано во 3.ти и 4.ти век.[286] Во гроб 1762 имаме тубуларни унгвентариуми (инв.бр. НУС-А-СТ-4104 и 4110), вратот им е цилиндричен, јасно одвоен од реципиентот со стеснување, дното

---

[279] Л. Јовановска-Д. Михаилова 1999, сл. 23, 24, 25.
[280] В. Соколова 1986, гроб 21 Т-78.
[281] O. Brukner 1981, 93 T 80.
[282] М. Шурбановска-А. Јакимовски 2010, 72 сл.78.
[283] O. Brukner 1981, 86 T 66.
[284] Л. Поповска 2011, 92.
[285] Л. Поповска 2011, 122.
[286] Л. Поповска 2011, 275.

е мало, благо ковексно. Откриени се и на локалитетот Скупи, а датирани од втора половина на 1 и прва половина на 2 век.[287]

Една обетка од златна жица со превиткани краевии, спирално свиени, е пронајдена во гроб 1193. Застапени се во Стоби, Исар Марвинци, Скупи, Тесалоники а се датирани од крајот на 3 и 4 век.[288] Една обетка со сферична златна кружна глава , на која од задната страна е прицврстена тенка жица чиј краеви се спирално навиени, потекнува од гроб 1332 (инв.бр. РН-95-074). Според аналогни примери оваа обетка ја датирам од 1.ви до 3.ти век.[289]

Застапени се и коскените украсни игли за коса, но најчесто фрагментирани. Тие се со вретенесто тело и разновидни глави (топчести и елипсовидни), а една коскена игла е со глава во вид на дланка (гроб 1441). Главно овие игли за коса се датирани во 2 и 3 век,[290] најдени во гробовите 1282, 1357 и 1756. Чести се на локалитетите во Источен Балкан, во Стоби, Осиек, Сирмиум.[291] Сет коскени плочки за ткаење се пронајдени во гроб 1332. Тие се состојат од три триаголни плочки и еден додаток со срцевидна форма. Плочките имаат слични димензии, кај сите недостасува по еден агол. Аглите се перфорирани и од едната страна се поврзани со врежана линија. На површината од плочките се познаваат повеќе плитки линии и рецки во различни насоки. Срцевидниот додаток има четири перфорации во средина, и се датирааат од 2 до 3 век.[292] Во гроб 1175 пронајдена е коскена игла за шиење, откршена на главата и врвот. Сочуван е долниот дел од мало уво (веројатно со елипсовидна форма). Телото е искривено и деформирано како резултат на горење и има кружен пресек, а датирана е во средина 2.ри век.[293] Овој гроб прецизно го датираме според бронзена монета на Луције (161-169).[294]

---

[287] Л. Поповска 2011, 240.
[288] В. Соколовска 1986 Т44; И. Микулчиќ 1974, сл.39, 40; Wiseman-Mono Zisi 1974, Е. Николовска 2008, 265.
[289] Lj. Ruseva-Slokoska 1991, 106, Cat. No 8a.
[290] Е. Николовска 2008, 265; М. Шурбаноска-Д. Здравковски 1996, 110.
[291] М. Шурбаноска-Д. Здарвковски 1996, сл 27.
[292] З. Кованцалиев 2018, 412-414.
[293] Z. Kovancaliev 2016, 55-74.
[294] Инвентарен краток, М-95-028.








**Гроб 1180**

Гробни прилози:

фарг. кер. чаша (К-95-052)

луцерна (НУС-А-Л-3828)

Необјавен

---



**Гроб 1193**

Гробни прилози:

златна обетка (RN-95-27)

длабока кер. фраг. чинија (К-95-085)

луцерна (L-95-17)

Необјавен








---



**Гроб 1220**

Гробни прилози:

длабока кер. фраг. сад (К-95-070)

луцерна (L-95-15)

Необјавен















**Гроб 1230**

Гробни прилози:

2 вретенасти унгвентариуми (НУС-А-К-3478, 3479)

2 булбуси унгвентариуми (НУС-А-К-3481, 3480)

фра. бронзена фибула (RN-95-93)

Необјавен

---






**Гроб 1263**

Гробни прилози:

чаша со една рачка (К-95-097)

ашик (RN-95-58)

Необјавен

---









**Гроб 1235**

Гробни прилози:

шише (НУС-А-К-3439)

стаклено шише (НУС-А-СТ-4077)

2 кер. чаша со една рачка (К-95-109, 110)

Необјавен






**Гроб 1282**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3842)

обработен камен (RN-95-72)

фарг. коскена игла (RN-95-52)

Необјавен

---









**Гроб 1277**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3835)

длабока чинија ((НУС-А-К-3464)

Необјавен

---





**Гроб 1278**

Гробни прилози:
луцерна (L-95-43)

длабока фра.чинија (К-95-185)

2 фраг. кер. садови (К-95-186, 254 )

Необјавен











**Гроб 1285**

Гробни прилози:

2 тер. фиг. Ерос на лав (НУС-А-ТФ-3915, TF-95-30, 31 )

11 тер. фиг. бик (НУС-А-ТФ-3904, 3905, 3906, 3907, 3908, 3909, 3910, 3911, 3912, 3913, 3914)

тер. фиг. Телесфор со дете (НУС-А-ТФ-3916)

чаша ((НУС-А-К-3460)

Необјавен

---










**Гроб 1286**

Гробни прилози:

6 кер. булбуси унгвентариуми ((НУС-А-К-3452, 3453, 3454, 3455, 3456, 3457)

Необјавен

---





**Гроб 1288**

Гробни прилози:

Длабока чинија (НУС-А-К-3462)

2 кер. чаши со една рачка (К-95-134, 135)

Необјавен








**Гроб 1292**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3837)

Необјавен









**Гроб 1294**

Гробни прилози:

фраг. од кер. чаша (К-95-156)

Необјавен





**Гроб 1295**

Гробни прилози:

стаклен унгвентариум (НУС-А-СТ-4075)

Необјавен






**Гроб 1333**

Гробни прилози:

стаклен унгвентариум (НУС-А-СТ-4080)

Необјавен







**Гроб 1296**

Гробни прилози:

2 кер. чаши со една рачка  (НУС-А-К-3458, 3459)

луцерна (НУС-А-Л-3834)

Необјавен









**Гроб 1330**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1332**

Гробни прилози:

сет плочки коскени за ткаење (РН-95-87)

луцерна (Л-95-038)

златни обетки (RN-95-74)

кер. чаша со две рачки (К-95-172)

Необјавен






**Гроб 1336**

Гробни прилози:

фраг. кер. чаша (К-95-151)

Необјавен








**Гроб 1346**

Гробни прилози:

мало садче (НУС-А-К-3488)

длабока чинија (НУС-А-К-3488)

Необјавен









**Гроб 1345**

Гробни прилози:

фраг. луцерна (L-95-35)

Необјавен






**Гроб 1421**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3880)

длабока чинија (К-95-198)

ојнохое (К-95-199)

Необјавен










**Гроб 1355**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3849)

Бронзена монета (М-95-107)

кер, чаша (К-95-238)

Необјавен















**Гроб 1356**

Гробни прилози:

мал сад (НУС-А-К-3525)

длабоки чини (НУС-А-К-3522, 3523, 3523)

кер. чаша со една рачка (НУС-А-К-3526)

Необјавен







**Гроб 1357**

Гробни прилози:

длабока чинија (НУС-А-К-3464)

бронзена алка (RN-95-138)

фраг. од коскена игла (RN-95-139)

Необјавен





**Гроб 1364**

Гробни прилози:

длабока чинија (НУС-А-К-3612)

Необјавен

---













**Гроб 1366**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3841)

хидрија (НУС-А-К-3484)

бронзен предмет (RN-95-126)

Необјавен

---









**Гроб 1392**

Гробни прилози:

17 булбуси унгвентариуми ( НУС-А-К-3503, 3504, 3505, 3506, 3507, 3508, 3509, 3510, 3511, 3512, 3513, 3514, 3515, 3516, 3517, 3518, 3519 )

коскен чешел (RN-95-127)

2 стаклени унгвентариуми (НУС-А-СТ-4085, 4086)

Необјавен

















**Гроб 1439**

Гробни прилози:

луцерна  (НУС-А-Л-3851)

Необјавен






**Гроб 1441**

Гробни прилози:

луцерна  (L-95-64)

фраг. коскена игла за коса со глава дланка (RN-95-148)

мониста од ѓердан (RN-95-149)

Необјавен



**Гроб 1507**

Гробни прилози: нема

Необјавен





**Гроб 1458**

Гробни прилози:

луцерна  (НУС-А-Л-3855)

кер. длабока чинија (НУС-А-К-3553)

Необјавен


















**Гроб 1446**

Гробни прилози:

бокал (К-95-292)

кер. чаша со една рачка (К-95-293)

стаклено шише (ST-95-99)

фраг. стаклен сад (ST-95-100)

чинија (НУС-А-К-3549)

Необјавен








**Гроб 1458**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3845)

кер. чаша (К-95-205)

3 фраг. коскени игли (RN-95-112,113, 114)

Објавен[295]










**Гроб 1462**

Гробни прилози:

2 кер. чаши со една рачка (НУС-А-К-3499, 3500)

Објавен[296]

[295] Е. Николовска 2008, 248
[296] Е. Николовска 2008, 249



**Гроб 1498**

Гробни прилози: нема

Необјавен









**Гроб 1484**

Гробни прилози:

матарка  (НУС-А-К-3544)

луцерна (L-95-72)

фраг. кер. чаша (К-95-278)

коскен фрагмент (RN-95-175)

Необјавен







**Гроб 1499**

Гробни прилози:

ојнохое  (К-95-420)

2 кер. чаши со една рачка (НУС-А-К-3626, 3627)

Необјавен







**Гроб 1500**

Гробни прилози:

фраг. кер. чаша (К-95-372)

Необјавен







**Гроб 1505**

Гробни прилози:

ојнохое (НУС-А-К-3603)

фраг. кер. сад (К-95-375)

Необјавен

---








**Гроб 1508**

Гробни прилози:

длабока чинија (К-95-273)

фраг. кер. сад (К-95-271)

луцерна (НУС-А-Л-3853)

мал кер. сад (НУС-А-К-3541)

Необјавен














---





**Гроб 1509**

Гробни прилози:

фраг. луцерна (НУС-А-Л-3852)

Необјавен







**Гроб 1513**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1509**

Гробни прилози:

ојнохое (НУС-А-К-3579)

фраг. кер. чаша со една рачка (К-95-334)

Необјавен










**Гроб 1536**

Гробни прилози:

луцерни (L-95-74, L-95-74 )

фраг. бокал (К-95-289)

фраг. керамика (К-95-290)

кер. капак (К-95-291)

Необјавен




**Гроб 1538**

Гробни прилози:

златна обетка (RN-95-143)

фраг. кер. сад (К-95-287)

Необјавен




**Гроб 1554**

Гробни прилози:

фраг. кер. грне (К-95-329)

Необјавен






**Гроб 1558**

Гробни прилози:

луцерна (L-95-90)

Необјавен




**Гроб 1559**

Гробни прилози:

фраг. кер. садови (К-95-356, 451, 452)

Необјавен










**Гроб 1567**

Гробни прилози:

длабока кер. чинија (К-95-297)

грне (К-95-296)

луцерна (L-95-77)

Необјавен






**Гроб 1568**

Гробни прилози:

длабока кер. чинија (НУС-А-К-3592)

фра. кер. длабоак чинија (К-95-355)

фра. луцерна (L-95-97)

Необјавен






**Гроб 1576**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3876)

фраг. кер. бокал (К-95-424)

Необјавен






**Гроб 1582**

Гробни прилози:

стаклен висулец (ST-95-38)

чаша (НУС-А-К-3578)

Необјавен








**Гроб 1637**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-К-3601)

кер. чаша со една рачка (НУС-А-Л-3865)

бронзена монета, нечитлива (М-95-370)

Објавен[297]











**Гроб 1623**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3864)

длабока кер. чинија (НУС-А-К-3591)

2 фраг. керамички чаши (К-95-353, 352)

Необјавен

[297] Е. Николовска 2008, 248




**Гроб 1607**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---









**Гроб 1628**

Гробни прилози:

фраг. керамика (К- 95-373)

Необјавен

---










**Гроб 1631**

Гробни прилози:

вретенест унгвентариум

(НУС-А-К-3617)

луцерна (L-95-116)

Необјавен









**Гроб 1679**

Гробни прилози:

фраг. кер. плитка чинија  (К-95-371)

2 луцерни (L-95-104, НУС-А-Л-3876)

Необјавен















**Гроб 1662**

Гробни прилози:

чаша со две рачки (НУС-А-К-3633)

фра. кер. длабока чинија

(К-95-454)

фраг. плитка чинија (К-95-446)

луцерна (L-95-124)

Необјавен











**Гроб 1672**

Гробни прилози:

длабока кер. чинија  (К-95-344)

кер. унгвентариуми (К-95-341, 342, 345)

чаша со една рачка  (НУС-А-К-3585)

бронзено огледало  (RN-95-220)

Необјавен






**Гроб 1680**

Гробни прилози:

кер. чаша   (НУС-А-К-3621)

стаклено шише со рамно дно (НУС-А-СТ-4096)

Необјавен

---












**Гроб 1689**

Гробни прилози:

3 булбуси унгвентариуми
(НУС-А-К-3630, 3631, 3632)

тер. фиг. Леда на гуска (НУС-А-ТФ-3937)

тер. фиг. хиеродула (НУС-А-ТФ-3938)

луцерна (Л-95-119)

2 тер. фиг.Телесфор со дете (НУС-А-ТФ-3931, 3936)

Необјавен

---







**Гроб 1694**

Гробни прилози:

4 стаклени унгвентариуми

(НУС-А-СТ-4098, 4099, 4067, 4069)

Необјавен




**Гроб 1683**

Гробни прилози: нема

Необјавен








**Гроб 1696**

Гробни прилози:

чаша со една рачка (НУС-А-К-3624)

луцерна (Л-95-117)

Необјавен







**Гроб 1701**

Гробни прилози:

фраг. кер. бокал (К-95-383)

чинија  (НУС-А-К-3606)

луцерна (НУС-А-Л-3869)

Необјавен















**Гроб 1703**

Гробни прилози:

2 кер. шишња со рамно дно (НУС-А-К-3809, 3810)
длабока чинија (НУС-А-К-3610)
чаша со две рачки (НУС-А-К-3609)

Необјавен

---







**Гроб 1704**

Гробни прилози

тиматерион (НУС-А-К-3608)

чаша (НУС-А-К-3607)

Необјавен

---









**Гроб 1726**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3881)
фраг. кер. чинија (К-95-455)
кер. фраг. бокал (К-95-456)
чаша (НУС-А-К-3607)

Необјавен





**Гроб 1734**

Гробни прилози:

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3703)

Необјавен











**Гроб 1735**

Гробни прилози:

2 луцерни (НУС-А-Л-3870, 3801)

Необјавен






**Гроб 1745**

Гробни прилози:

кер. чаша со една рачка (НУС-А-К-3711)

фраг. кер. бокал (К-95-586)

Необјавен



**Гроб 1747**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1778**

Гробни прилози:

длабока кер. чинија (К-95-484)

Необјавен






**Гроб 1751**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3878)

фраг. кер. чаша (К-95-453)

фраг. коскена игла (RN-95-247)

Необјавен






**Гроб 1761**

Гробни прилози:

2 стаклени унгвентариуми (НУС-А-СТ-4104, 4110)

Необјавен






**Гроб 1756**

Гробни прилози:

2 длабока чинија (НУС-А-К-3685, К-95-546)

чаша (НУС-А-К-3686)

фарг. коскена игла (RN-95-247)

фарг. кер. чаша со една рачка (К-95-547, 458)

Објавен[298]




**Гроб 1799**

Гробни прилози:

фраг. кер, чаша (К-95-600)

Необјавен

[298] Е. Николовска 2008, 254








**Гроб 1789**






Гробни прилози:

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3721)

3 тер. фиг.бик (НУС-А-ТФ-3947, 3944, 3945)

2 тер. фиг. Телесфор со дете (НУС-А-ТФ-3948, 2949)

тер. фиг. старец со дете (НУС-А-ТФ-3950)

тер. фиг. хиеродула (НУС-А-ТФ-3946)

Необјавен

---






**Гроб 1793**

Гробни прилози:

2 булбуси унгвентариуми (НУС-А-К-3715, 3716)

тер. фиг. Афродита (НУС-А-ТФ-3939)

2 теракотни фигурини (НУС-А-ТФ-3940, 3941)

2 тер. фиг. со жен. претс. со лира (НУС-А-ТФ-3942, 3943)

Необјавен









**Гроб 1814**

Гробни прилози

луцерна (Л-95-152)

фарг. кермика (К-95-588)

Необјавен






**Гроб 1819**

Гробни прилози:

6 булбуси унгвентариуми (НУС-А-К-3697, 3698, 3699, 3700, 3701, 3702)

Необјавен




**Гроб 1997**

Гробни прилози:

булбус унгвентариум (К-95-694)

Необјавен




**Гроб 1997**

Гробни прилози:

луцерна (L-95-182)

Необјавен












**Гроб 1729**

Гробни прилози

4 булбуси унгвентариуми (НУС-А-К-3704, 3705, 3706, 3707)

фарг. бронзена плочка (RN-95-317)

бронзен прстен (RN-95-318)

Необјавен






**Гроб 2054**

Гробни прилози:

шише (НУС-А-К-3809)

Необјавен






**Гроб 1661**

Гробни прилози:

перфориран коскен пршлен (РН-95-222)

луцерна (L-95-94)

тер. фиг. хиеродула (НУС-А-ТФ-3926)

Необјавен





**Гроб 1606**

Гробни прилози:

чинија (НУС-А-К-3583)

Необјавен



**Гроб 1560**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1388**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1440**

Гробни прилози:

стаклен прстен (ST-95-33)

луцерна (L-95-99)

Необјавен













**Гроб 1175**

Гробни прилози:

фар. Коскени игли (RN-95-34, 35, 36, 37, 38)

длабока чинија (НУС-А-К-3418)

длабока чинија (НУС-А-К-3419)

мини. садче со една рачка (НУС-А-К-3420)

луцерна (НУС-А-Л-3825)

бронзена монета (М-95-028) Луције 161-169

Необјавен

### *3.2.1ѓ Девастирани гробни конструкции*

Како и на останатите некрополи, така и на Стобската, во истражуваниот простор се регистирани девастирани гробни конструкции. Тие најчесто се девастирани од подоцнежни вкопувања или со подоцнежна архитектура, но има оштетени и со современи инфраструктурни зафати. Поради тоа не секогаш можеме да го утврдиме и типот на гробната конструкција на овие гробови. Како девастирани гробни конструкции ги бележиме гробовите под број: 1153, 1374, 1154 1188, 1190, 1260, 1204, 1236, 1249, 1264, 1331, 1351, 1528, 1367, 1591, 1595, 1634, 1635, 1653, 1808 и 1178.

Како гробни прилози во овие гробни конструкции најчесто се среќаваат керамички предмети. Во гроб 1188 е пронајдена фрагментирана, а потоа слепена луцерна (инв.бр. НУС-А-Л-3829), изработена од глина со жолтеникава боја и премачкана со црвен премаз, датирана во средината на 1 век и раните години на 2 век.[299] Во гроб 1266 (инв.бр. НУС-А-К-3451) плитка, широка чинијаа со ниско прстенасто, широко дно, црвено пешена со црвен премаз. Според бојата обликот и квалитетот, можеме да претпоставиме дека се работи за локална имитација на terra sigillata.[300] Во гроб 1190 е пронајдена целосно сочувана луцерна на која и недостасува само рачката (инв.бр. НУС-А-Л-3829), на дискот има претстава на Атена, а се датира во доцниот 2 век и ранн 3 век.[301] Во фрагментирана состојба е керамичката чаша со една рачка, која недостасува (инв.бр. К-95-112), гроб 1260. Таа припаѓа на типот поголеми мешести чаши, изработени од прочистена глина со светлоцрвена боја и премачкани со потемен црвен посен премаз. Тие се појавуваат од 1.ви век пр.н.е., а застапени се и подоцна во гробовите на Стоби,[302] Скупи,[303] Исар Марвинци,[304] Виминациум.[305] Ваквите чаши се пронајдени и во гробовите 1635, 1595 и 1653. Покрај керамичката чаша во гроб 1260 е пронајдено и фрагментирано ојнохое на кое му недостасува долниот дел од садот (инв.бр. К-95-111). Има изразена јајцевидна форма со црвено печење и премачкан е со цревен премаз, вратот е прилично краток и се спојува со прстенаст профилиран обод и со клунест изливник. Оваа форма според О. Брукнер е датирана од 2 век до средина на 3 век.[306]

---

299 А. Јакимовски 2012, 147.
300 М. Шурбановска-А. Јакимовски 2007/2008, 70.
301 А. Јакимовски 2012, 222.
302 V. Anderson Stojanovic 1992, Pl. 26 sl. 218-220, Pl. 115 973-975.
303 Л. Јовановска- Д. Михајлова 1999, сл. 23, 24, 25.
304 В. Соколовска 1986, Т 78.
305 Љ. Зотовиђ-Ч. Јордановиђ 1990, Т. IX, Т XIX.
306 O. Brukner 1981, 116, T 141 sl. 86.

Пронајдена е и бронзена монета на имп. Клаудие (41-45)TI. CLAVD. CAES. AV, во гроб 1204 (инв.бр. М-95-032).[307] Мала хемисферна чинија на тркалезно дно, пронајдена во гроб 1249 (НУС-А-К-3435) според Андерсон Стојановиќ припаѓа на форма 13 и датирана е во доцниот 2.ри век.[308] Во гроб 1331 како останати гробни прилози се пронајдени една фрагментирана чаша и три луковичести унгвентариуми со топчесто тело, од типот "Р", по В. Андерсон датирани се во 1.ви и 2.ри век.[309] Од тој тип се откриени и во гроб 1808, а унгвентариумите од гроб 1653 се со крушковидно тело, рамно дно, а вратот е издолжен. Покрај некрополата во Стоби[310] се застапени и на некрополата во Исар Марвинци.[311]

Единствена девастирана гробна конструкција во која се пронајдени четири теракотни претстави на бик, е гроб 1653. Тоа е најчест вид на животно кое се среќава меѓу фигурините на Стоби, датирано во 1.ви век.[312] Во коропластиката бројноста на ова животно било вообичаено и омилено за македонскиот простор во римско време, што го покажуваат наодите од Солун.[313]

[307] Види инвентарен картон (М-95-032) од 1995 година.
[308] V. Anderson Stojanovic 1992, Pl. 112 sl. 952 со поголеми димензии, (како форма се појавува во крај на 1 век пр.н.е.).
[309] V. Anderson Stojanovic 1992, Municipium Stobensium 1994 sl. 104.
[310] V. Anderson Stojanovic 1992, 85 sl. 591, 592.
[311] В. Соколовска 1986, Т50 сл. 5 и 6.
[312] Municipium Stobensium, 1994, 27 сл. 67.
[313] В. Петрушевска- Петроска 2015, 114.




**Гроб 1153**

Гробни прилози: нема

Необјавен



**Гроб 1374**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1154**

Гробни прилози:

длабока фра. чинија (К-95-050, 051)

фраг. од коскен предмет (RN-95-6)

коскена перла (RN-95-5)

Необјавен



**Гроб 1188**

Гробни прилози:

луцерна (НУС-А-Л-3829)

3 железни алки (RN-95-15, 16)

бронзена алка (RN-95-14)

Необјавен













**Гроб 1190**

Гробни прилози:

луцерна  (НУС-А-Л-3829)

Необјавен

---







**Гроб 1260**

Гробни прилози:

фраг. ојнохое  (К-95-111)

фраг. кер. чаша (К-95-112)

Необјавен

---










**Гроб 1204**

Гробни прилози:

чаша (К-95-074)

бронзена монета ( М-95-032)  Клаудие (41-45) T I. CLAVD. CAES. AVG

Необјавен















**Гроб 1236**

Гробни прилози:

тиматерион (НУС-А-К-3450)

плитка чинија  (НУС-А-К-3451)

кер. унгвентариум (К-95-115)

фраг. кер. грне (К-95-114)

фраг. кер. сад (К-95-116)

Необјавен

---









**Гроб 1249**

Гробни прилози:

мала длабока чинија (НУС-А-К-3435)

Необјавен

---






**Гроб 1264**

Гробни прилози:

фраг. булбус унгвентариум (К-95-119)

Необјавен









**Гроб 1331**

Гробни прилози:

чаша (НУС-А-К-3472)

3 булбуси унгвентариуми (НУС-А-К-3473, К-95-154, 155 )

Необјавен






**Гроб 1351**

Гробни прилози:

фарг. кер. сад (К-95-239)

фрагмент од луцерна (L-95-58)

булбус унгвентариум (К-95-240)

Необјавен




**Гроб 1528**

Гробни прилози: нема

Необјавен




**Гроб 1367**

Гробни прилози: нема

Необјавен






**Гроб 1591**

Гробни прилози:

мала длабока чинија (НУС-А-К-3629)

2 фраг. кер. садови (К-95-426, 427)

Објавен[314]






**Гроб 1595**

Гробни прилози:

кер. чаша со една рачка (НУС-А-К-3605)

Необјавен




**Гроб 1634**

Гробни прилози:

фраг. кер. сад (К-95-590)

Необјавен




**Гроб 1635**

Гробни прилози:

2 кер. чаши со една рачка (К-95-406, 407)

бронзен висулец (RN-95-234)

Необјавен

[314] Е. Николовска 2008, 248












**Гроб 1653**

Гробни прилози:

кер. чаша (К-95-357)

булбус унгвентариум (НУС-А-К-3593)

4 тер. фиг. Бик (НУС-А-ТФ-3927, 2928, 2929, 2930)

Објавен[315]

---







**Гроб 1808**

Гробни прилози:

2 булбуси унгвентариуми (НУС-А-К-3688, К-95-553)

стаклена фурка (НУС-А-СТ-4109)
коскена копча (RN-95-315)

железно копје (RN-95-314)

Необјавен

---







**Гроб 1178**

Гробни прилози:

фар. кер. сад (К-95-038)

мониста од стаклена паста (RN-95-4)

Необјавен

---

315 Е. Николовска 2008, 251.

### *3.2.1е Животински погребувања*

На Западната некропола во Стоби во 1995 година се откриени и животински погребувања во гробовите 1543, 1620 и 1131.

Во гроб 1543 е откриено инхумирано куче во гроб со конструкција во вид на кров на две води, со ориентација З/И. Второ погребување на животно се јавува во гробот 1131, а станува збор за конструкција циста од хоризонтални тегули. Подолгите страни на оваа гробна конструкција е оформена од една вертикално поставена тегула, додека потесните страни се затвараат само со една помала тегула. На тој начин ее формира правоаголна гробна циста, без употреба на врзивно средство.

Во гроб 1620 погребани се една возрасна особа во централниот дел на јамата, со два коња од страните. Покојникот е со правец И/З, положен на грб, рацете се покрај телото и нозете испружени. Додека двата коња  се поставени паралелно со главите еден кон друг, главите се на југ а трупот на север. Гробната конструкција е од типот слободно вкопана јама со покривна конструкција од изделкани камени плочи, поставени хоризонтално. Од техничката документација и фотографиите со кој се располага јасно се гледа дека не станува збор за едно погребување. За жал, од сегашен аспект не можеме да заклучиме ништо повеќе, освен дека инхумираниот покојник е вкопан во елипсовидната јама каде се положени двата коња.  Ваквата појава на погребување на коњ ја забележува и А. ЈовановиЌ во стобската некропола.[316]

---

[316] А. Јовановић 1984, 132.










**Гроб 1620**

Гробни прилози: нема

Необјавен

---







**Гроб 1131**

Гробни прилози: нема

Необјавен

# 4. ЗАКЛУЧОК

Од првите белешки за античките остатоци на Стоби, градот на устието на Црна река во Вардар, до денес поминаа речиси 150 години. Во овој долг временски период извршени се голем број археолошки истражувања, предводени од многубројни истражувачи и институции, но научното проучување на Стоби и неговата околина ни одблизу не е завршено. Напротив, Стоби е постојано актуелен локалитет за археолозите, епиграфичарите, нумизматичарите... со еден збор за сите проучувачи на  антиката, а посебно оние кои ги проучуваат остатоците од Римскиот период.

Проучувањето на Стобските некрополи е подеднакво значајно и возбудливо, исто како и откривањето на прекрасните палати, базилики, театар и другите јавни или приватни објекти, од профан или сакрален карактер. Најистражуваната Стобска некропола, Западната, која се протега на голем простор лево и десно од патот кој од Стоби води кон Хераклеја Линкестис, во науката позната како Западна стобска некропола, била предмет на истражување во многу наврати. Понекогаш во рамките на систематските истражувања на Стоби, но почесто како резултат на заштитни археолошки ископувања. Во сите досегашни кампањи на овој простор се откриени преку 2000 гробови, во најголем дел од римскиот царски период. Целта на овој магистерски труд беше научно да се обработат, пред се од типолошки аспект, гробовите откриени во една од најголемите истражувачки кампањи на Западната некропола, заштитните ископувања спроведени во текот на 1995 година, кога биле откриени речиси 500 гробови. Разновидноста на гробните форми и ритуси и огромниот број на гробни прилози положени при погребувањата на Стобското населени, претставуваше голем научен предизвик, од повеќе аспекти. Прво требаше да се собере оваа обемна граѓа, која во текот на изминативе 25 години го менувала местото на депонирање, но и институциите кои биле задолжени да се грижат за неа, што довело и до мешање на археолошкиот материјал и археолошката документација од истражувањата. Соочена со овој предизвик, заклучив дека типолошкото разграничување на овие 500 гробови и нивното датирање со помош на најспецифичните гробни прилози, е максимумот што во овој момент може да се извлече од постоечката документација и достапниот материјал. Сепак сметам дека, иако овој труд опфаќа проучување на само една четвртина од сите досега откриени гробови на Западната некропола, тој ќе даде значаен допринос во севкупните научни сознанија за Стоби, а секако ќе претставува значајна основа за оформувањето на севкупната слика за Стоби, а посебно за прашањата поврзани со погребувањата на неговите жители.

Проучувајќи ги овие 500 гробови откриени во текот на 1995 год. на Западната некропола, можеме да заклучиле дека во текот на Римскиот царски период, помеѓу 1.ви и 4.ти век, во Стоби подеднакво биле практикувани ритусот на инхумација и кремација на покојниците. Но поделени низ вековите, кремацијата била почеста во периодот 1.ви до 3.ти век, а инхумацијата ќе надвладее над кремацијата во подоцнежниот римски период. Ова секако се должи и на постепената христијанизација на Стобското население, а од поодамна знаеме дека Стоби е еден од најстарите христијански центри на Европско тло. Сепак, етнички измешаното стобско население, низ сиот споменат период се обидува да ги зачува своите фунерарни традиции, па поради тоа биритуалноста е присутна во погребните обичаи на Стоби низ сите векови на неговото постоење.

Поради поголема прегледност, гробовите што се предмет на проучување во овој магистерски труд, ги распределувам во двата основни ритуси, инхумација и кремација. Потоа, во рамките на секој ритус ги раздвојувам различните типови на гробни форми. Тие се разликуваат по обликот, димензиите, материјалот од кои се изградени гробните конструкции и начинот на поставување на тој материјал.

Кај гробовите со инхумирани покојници разликуваме поголем број на гробни форми:

Слободни вкопувања

Гробови со конструкција од хоризонтално поставени тегули

Гробови со конструкција од тегули во вид на кров на две води

Гробови со венец од камења

Гробни конструкции цисти

Девастирани гробни конструкции

Слободните вкопувања се всушност обични правоаголни или елипсовидни јами, длабоки по околу 60 - 70 см., без никакво надгробно обележје, во кои бил едноставно положен покојникот. Понекогаш во ваква јама биле погребани и по два, а поретко и повеќе возрасни покојници, а децата биле најчесто погребувани токму во вакви гробови.

Проучувајќи го овој тип гробови, можеме да заклучиме дека него го практикува посиромашниот слој од населението, за што ни зборува отсуството на гробни прилози во нив. Најчести наоди во нив се по некое парче накит кои покојниците го имале на себе, обетки, игли укосници, луцерни, а поретко и монета. Од нив можеме

да видиме дека оваа наједноставна гробна форма, се практикува низ целиот царски период, а најмногу е резултат на економската положба на покојниците или на нивната возраст.

Гробовите со инхумирани покојници со конструкција од хоризонтално поставени тегули не се многу често откритие на Западната некропола во 1995 год. Тоа е најчесто обична јама (само во неколку случаи со дно поплочено со тегули), која по положувањето на покојникот била затрупувана со земја, а потоа била покриена со цели или фрагменетирани тегули положени хоризонтално врз неа. Во овој тип гробови се среќаваат скромни керамички прилози, најчесто чаши со една или две рачки и луцерни, поретко накит (еден пар златни обетки во облик на муви или штурци), ѓердан од гагат, една бронзена фибула во облик на паун, игли укосници и понекогаш монета. Според прилозите овој тип конструкции е типичен за подоцнежниот царски период, доцен 2.ри – 4.ти век.

Гробовите со конструкција од тегули во вид на кров на две води се една од најчестите гробни конструкции на Западната некропола. Најчесто ваква конструкција се подига над гробната јама, а многу ретко имаме поплочено дно. И во нив поретко се јавува двојно погребување на две возразни лица, а има и тројни погребувања каде третото лице е дете. Оваа гробна конструкција се јавува низ целиот царски период, од 1.ви до 4.ти век, а како прилози во нив покрај вообичаениот личен накит, керамичките чаши, унгвентариуми и луцерни, монети, игли за коса, ќе се јават и теракотни фигурини.

Гробовите со венец од камења се обични гробни јами чии горен раб е заобиколен со еден ред од аморфни камења. Овој тип гробови се јавува мошне ретко, а припаѓаат на најсиромашното стобско население. Само во еден ваков гроб е пронајдена плитка керамичка чинија, во друг една бронзена монета, а останатите се сосема празни. Ги датираме во подоцнежниот царски период.

Гробните конструкции во вид на цисти се најраскошните на Западната некропола, а воедно и најбогати со прилози. Цистите најчесто се иззидани од камења или тегули, со употреба на малтер, а има и такви формирани од монолитни камени плочи. Најчесто се покриени со големи камени плочи. Во овој тип го сместувам и монолитниот камен саркофаг, единствен на Западната некропола на Стоби. Внатрешноста на цистите најчесто е малтерисана, а во повеќето се констатирани остатоци од дрвени ковчези, но и остатоци од ткаенина, т.е. делови од облеката на покојниците. Во овој тип гробови често имаме повеќекратни погребувања. Неколку цисти се издвојуваат по некои ретки погребни ритуали. Во една од цистите е пронајдена антропоморфна маска од вар на лицето на покојникот, а во друга имаме

уникатна појава на  гипсена биста, претстава на младо момче, положена во женски гроб како прилог. Како посебна ја издвојуваме и цистата чија внатрешност е покриена со фреско декорација со флорални орнаменти. Овој тип гробови најчесто се јавува во доцниот царски период, а за тоа ни сведочат бројни прилози од керамички и стаклени садови и накит (обетки, нараквици, прстени, игли за коса).

Девастираните  гробни конструкции ги издвојувам како посебни затоа што поради големите оштетувања кои ги претрпеле одредени гробови, било како резултат на подоцнежни вкопувања, на подигање на доцноантички архитектонски објекти или модерни инфраструктурни зафати, не е возможно нивно типолошко одредување.

Гробовите со инхумирани покојници, без разлика на типот на гробната конструкција, се јавуваат на целата површина на некрополата и не може да се констатира некој одреден простор кој би се издвоил како евентуална семејна парцела или можеби како резултат на општествената положба на покојникот.

Нешто повеќе од 1000 гробови откриени на Западната стобска некропола се со остатоци од кремирани покојници. Околу една четвртина од нив се откриени при ископувањата во 1995 год. Како и при инхумацијата, и при овој гробен ритус се јавуваат поголем број на гробни форми и конструкци, од кои извлекувам неколку основни типови:

Гробни јами без конструкција

Гробови со конструкција од хоризонтално поставени тегули

Гробни конструкции цисти

Погребување во урни

Гробови со конструции во вид на кров на две води

Девастирани гробни конструции

Гробните јами без конструкција доста често се јавуваат на Западната некропола. Тоа се елипсовидни јами со различни димензии, чии ѕидови најчесто се благо запечени од ритуално пален оган . Кремираните остатоци од покојникот изгорен на клада се положувале на дното од јамата, почесто помешани со гробни дарови кои гореле заедно со покојникот,  а поретко прилозите се ставаат дополнително. Најчести прилози се керамичките унгвентариуми, луцерни и чаши и чинии, но во дел од гробовите имаме и теракотни фигурини. Личните предмети на покојникот (накит, фибули, игли за коса) гореле заедно со него и обично се многу оштетени, до непрепознатливост. Истото важи и за монетите. Анализата на гробните прилози

покажува дека овој тип гробови на Западната некропола е присутен од 2. ри век п.н. до 3.ти век.

Во ископувањата во 1995 год се  откриени вкупно 28 гробови со конструкција од хоризонтално поставени тегули. Овие гробови се разликуваат од претходниот тип само по тоа што гробната јама, исполнета со земја, била покриена со фрагментирани или цели, хоризонтално поставени тегули. Тие егзистираат паралелно со обичните гробни јами без покривна конструкција, а тоа го потврдува речиси идентичниот гробен инвентар. Најстариот ваков гроб го датираме во 2.ри век.пр.н.е., а најмладиот во 2.ри - 3.ти век.

Гробовите со кремација во вид на цисти се доста реткост на Западната некропола. Цистите може да бидат ѕидани од тули или камен, или пак оформени од камени плочи или тегули. Кај една ѕидана циста имаме и малтерисување на внатрешноста. И во овој тип гробови сметаме дека кремираните останки од покојникот биле собрани од кладата и положени во гробот, заедно со неговите лични предмети, а во гробот покрај нив биле дополнително ставани и другите вообичаени прилози: луцерни, унгвентариуми, чинии и чаши и сл. Овој тип гробови најчесто е присутен во раниот царски период, од 1.ви до 3.ти век.

Погребувањето во урни секако не бил обичај на автохтоното население во Стоби, туку е типичен за луѓето со Италско потекло, па  поради тоа и се јавува доста ретко во Стоби. Во 1995 год. на Западната некропола се откриени само десетина вакви погребувања. Покојникот секако бил кремиран на клада, а остеолошките остатоци убаво измиени биле депонирани во сад-урна. Потоа урната била положувана во обична јама без конструкција, но има и такви каде урната е полжена во мала камена циста. Во дел од овие гробови имаме по две урни, но сметам дека не се работи за двојно погребување, туку остатоците едноставно не ги собирало во еден сад. Прилозите во овие гробови обично се положуваат дополнително, во или покрај урната, но има и примери каде гореле со покојникот. Таков е случајот со единствената метална урна, направена од олово. Гробовите со урни се јавуваат во раниот царски период, кога сигурно управувањето со Стоби го воделе доселеници од Италските простори.

Гробовите со конструција во вид на кров на две води, како и кај инхумираните покојници, се најбројни на Западната некропола. Вкупно 115 гробови од овој тип, претставуваат речиси половина од сите кремации заедно. Чести гробни прилози во овој тип гробови се теракотните фигурини, понекогаш и десетици на број во еден гроб, а се јавуваат и типичните унгвентариуми- булбуси, стаклени лакримариуми, керамички чаши и чинии, изгорени остатоци од личен накит и сл. Во овој тип гробови

ја бележиме и праксата на приложување по две мешести чаши во гроб, нешто што го немаме забележано кај било кој друг тип гробови. Најстариот ваков гроб е датиран во 2.ри век п.н.е., а според наоди на луцерни опстојуваат се до 3.ти век.

Девастираните гробни конструции со кремација, исто како и кај инхумациите, не можеме со сигурност да ги поврземе со некој одреден тип. Потекнуваат од сите векови на користењето на некрополата, а како особен наод го издвојувам наодот на една керамичка чинија, локална имитација на terra sigillata.

Како генерален заклучок за гробовите со кремирани покојници на Западната некропола во Стоби, можеме да истакнеме дека кремирањето било вршено на клада, настрана од гробните јами, но остатоци од ваков простор засега не се констатирани. Гробните прилози по број и вид речиси подеднакво се јавуваат во сите типови на гробови, а не може да се забележи ниту поделеност во некрополата според етничка иле економска припадност.

Од сите овие гробови, со инхумирани или кремирани покојници, можеме да заклучиме дека Западната некропола на Стоби била користена како простор за покребување од доцниот Римски републикански период, па се до доцниот царски период. Во доцната антика над нејзе бил подигнат голем градски субурбиум, со што завршува фунерарната функција на просторот западно од градските бедеми.

Сметам дека овој магистерски труд, иако не ги опфаќа сите досега откриени гробови во Стоби, со типолошката анализа и понудените временски одредници, ќе претставува мал допринос кон целосното проучување на погребните форми, ритуси и обичаи на Стоби, а воедно и другите антички некрополи во Македонија, пред се оние од Римскиот период.

## 5. ПЛАНОВИ СО ПОЗИЦИИ НА ГРОБОВИТЕ

## 6. БИБЛИОГРАФИЈА

**Ангеловски Б.,** Војничкиот гроб 2674 од Стоби, Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 4, Стоби 2018.

Археолошка карта на Република Македонија Том II, Скопје 1996.

**Anderson Stojanović V**., Stobi, The Hellenistic and Roman Pottery, Princeton 19, 1992

**Андерсон Стојановиќ В. Р.** , Улогата не гробните дарови во погребните ритуали на Западната некропола во Стоби, Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 4, Стоби 2018

**Блажевска С. – Павловски Г**., Погребување од хеленистичкиот период во Стоби, Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 4, Стоби 2018, 12-47.

**Битракова Грозданова В.**, Македонија, медитеранот, magna greacia и црноморието во античката епоха, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2013.

**Brukner O.**, Rimska keramika u jugoslovenskom delu provincije donje panonije, Beograd 1981.

**Wesolowsky A. B**., Burial Customs in the West Cemetery, Studies I, Beograd 1973, 97-137.

**Weselovski A.**, Burial Custam in the West Cemetery, Studies in the Antiqiities of Stobi, Beograd 1973, 97-173.

**Wiseman J. and Mano Zissi**, Studies I, Beograd 1973, 117-148.

**Wiseman J. and Mano Zissi**, Excavations at Stobi 1973-74, Boston 1974, 117-148.

**Wiseman J. and Mano Zissi**, Ископавање у Стобима 1970-1974, Старинар XXVI/1975, Beograd 1976, 87-93.

**Gebler H.,** Dia Antiken münzen, Nord-Griechenlands, Makedonija und Paionia, Band III, Berlin 1935.

**Dragendorff H**., Archäeologiche und kunstwissenschaftliche Arbeit während das Weltkrieges in Mazedonien, Zeitschrift für bildende Kunst, 54, 1919.

Западна некропола 1992, Каталог Municipium Stobensium, Скопје 1994.

**Зотовић Љ**. - Јордовић Ч., VIMINACIVM 1 некропола „више гробаља“, Београд 1990.

**Јовановска Л.**, Приказ на дел од материјална култура од римскиот империјал период (Скупи-театар, истражување 2013-2016 г.), Римски театар Скупи, Скопје 2013, 159-244.

**Јовановска Л.**, Македонија во римскиот период (археологија),Том 2 Македонија Милениумски културно-историски факти, Скопје 2013, 789-930.

**Јовановска Л. – Михаилова Д.**, Скупи-Источна некропола-истражувања 1994, ” Maced. acta archaeol. 15, 203-250, Скопје 1999.

**Јовановска Б.**, Магистерски труд „Циркулација на монетите во античкиот град Стоби“ Скопје 2015.

**Јакимовски А.,** Антички светилки од Република Македонија, Скопје 2012.

**Јосифовска Б.,** Водич низ Стоби, Скопје 1953.

**Jovanović A.**, Nakit u rimskoj Dardaniji, Beograd 1978.

**Јовановиħ А.**, Римске некрополе на територији Југославије, Београд 1984.

**Кованцалиев З.**, Магистерски труд „Коскени предмети за производсво и обработка на текстил во Стоби„, Скопје 2014.

**Кованцалиев З.**, Магистерски труд “ Коскени предмети за производство и обработка на текстил од Стоби“, Скопје 2014.

**Kovancaliev Z**., Koštani predmeti za šivenje iz Stobija, NOVA ANTIČKA DUKLJA VII, Podgorica 2016.

**Kovancaliev Z**., 119-131, Herramientas de hilado romanas y tardo-romanas procedentes de Stobi, Macedonia Cuadernos de Prehistoria y Arqueología de la Universidad de Granada vol. 29, 2019

**Кузмановски И**., Магистерски труд “Керамичкиот материјал во погребната пракса на гробовите со инхумација од Југоисточната некропола во Скупи“, Скопје 2018.

**Mikulčić I. –Dautovska V.**, Stobi, I. Antička nekropola, Beograd 1965, 126-128.

**Микулчиħ И.** , Западна гробље Ископавање у 1965, Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 1, 1973.

**Микулчиħ И.**, „Ранoримски скелетни гробови из Скупа“ Старинар XXIV – XXV, Београд, 1973/74.

**Микулчиќ И.**, Стоби, антички град, Скопје 2003.

**Mano Zissi**, Stobi Enciklopedija Jugoslavie, Zagreb MCMLXXI, 153-155.

**Morris I.,** Death-Ritual and Social Structure in Classical Antiquity, Cambridge, 1992.

**Николова Е.,** "Стоби – западна некропола, Истражувања 1995 година" Maced. acta archaeol. 18, 230-247, Скопје 2008.

**Essays in honor of M. Ончевска Тодоровска М**., Доцноантичка населба на просторот од римскиот театар во Скупи, Римски театар Скупи, Скопје 2017, 245-320.

**Папазоглу Ф.** , Македонски градови у римско доба, Скопје 1957.

**Петрова Е.**, Стоби, водич, Скопје 2003.

**Петрушевска Петрова В.**, Играчките како прилог во детските гробови од Стоби, Folia archaeologica balkanica III, Скопје 2015, 105-130.

**Петрушевска-Петроска В.,** Телесфор Божеството - дете од Стоби, Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 4, Стоби 2018.

**Петрушевска В.**, Патримониум, Теракотни фигурини од Стоби со престава на Дионис

**Petroska Petrševska V.**, Theatrical and Grotesque Figurines amongst the Terracottas from Stobi, Folia archaeologica balkanica II, Скопје 2012, 313-324.

**Поповска Л.**, Магистерски труд "Античко стакло од регионот на Скупи", Скопје 2011.

**Ruseva-Slokoska Lj.,** Roman Jewellery, Sofia 1991.

**Соколовска В.**, Хелинистичка керамика во Повардарјето, 1982.

**Соколовска В.** , Исар-Марвинци и повардарјето во античко време, Скопје 1986.

**Sokolovska V.**, Isar-Marvinci, Sahranjivanje u predrimsko doba, Skopje 1982, 177-184.

**Siganidou M., Lilimpaki-Akamati M.**, Pella, Capitol of Macedonians, Athens 1997.

Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 1, Beograd 1973

Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 2, Beograd 1974

Studies in the Antiquities of Stobi, vol. 3, Tito Veles 1983.

**Цермановић-Кузмановић А., Велимировић-Жижић О., Срејовић Д.**, Античка Дукља некрополе, Црне Горе и Србије 1975.

**Шурбаноска М. – Здравковски Д.**, Римски гробови од Западната некропола во Стоби – ископување 1992, Maced. acta archaeol. 14, Скопје 1996.

**Шурбановска М. – Јакимовски А.,** Forum Romanum Stobis, Скопје 2007.

**Шурбановска М. – Јакимовски А**, Forum Romanum Stobis II, Скопје 2007-2008.